**ИЗВЕШТАЈ**
**за самоевалуација на**
**Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје**
(15.9.2013 - 15.9.2016 година)

**С О Д Р Ж И Н А**

I. ЦЕЛИ, НАЧИН НА ОСТВАРУВАЊЕ И ЕЛЕМЕНТИ НА ПРОЦЕСОТ НА САМОЕВАЛУАЦИЈА.......... 3
1. Цели на процесот на самоевалуација.......... 3
2. Позитивни елементи и тешкотии во текот на самоевалуациониот процес.......... 5
II. ОПИС НА ФАКУЛТЕТОТ.......... 5
1. Историја.......... 5
2. Мисија.......... 8
3. Стратегија.......... 9
III. СТУДИСКИ ПРОГРАМИ.......... 11
1. Опис на студиските програми од прв циклус студии.......... 11
1.1. Студиска програма: Одделенска настава.......... 11
1.2. Студиска програма: Предучилишно воспитание.......... 13
1.3. Студиска програма: Библиотекарство.......... 15
2. Опис на студиските програми од втор циклус студии.......... 17
2.1. Студиска програма: Одделенска настава.......... 17
2.2. Студиска програма: Предучилишно воспитание.......... 19
2.3. Студиска програма: Библиотекарство.......... 20
IV. Наставно-научен и соработнички кадар.......... 22
1. Наставно-научен и соработнички кадар на прв циклус студии.......... 23
2. Наставно-научен и соработнички кадар на втор циклус студии.......... 24
V. Наставно-образовна дејност.......... 25
VI. Студенти.......... 26
1. Студенти на прв циклус студии.......... 26
2. Студенти на втор циклус студии.......... 32
VII. Просторни и материјални ресурси.......... 33
VIII. Логистика.......... 34
IX. Надворешна соработка.......... 35
X. Научно-истражувачка дејност.......... 36
XI. Финансирање.......... 39
XII. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ.......... 40
XIII. НАЧИН НА КОЈ Е ОСТВАРЕНА ДИСКУСИЈАТА ПО ИЗВЕШТАЈОТ.......... 42
XIII. ПРИЛОЗИ.......... 44

## I. ЦЕЛИ, НАЧИН НА ОСТВАРУВАЊЕ И ЕЛЕМЕНТИ НА ПРОЦЕСОТ НА САМОЕВАЛУАЦИЈА

### 1. Цели на процесот на самоевалуација

Евалуацијата претставува проценка на квалитетот на високото образование која опфаќа голем број експлицитни процедури за проценување на институциите за високо образование, кадарот во нив и студиските програми според кои се одвива наставниот процес и процесот на високообразовните установи. Во Република Македонија евалуацијата е предвидена како обврска пропишана со Законот за високото образование (Службен весник на РМ, 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10 и 17/11). Таму, со оваа постапка, е предвидено оценување на квалитетот во вршењето на високообразовната дејност, управувањето, финансирањето, академските и други активности. Овој процес предвидува надворешна евалуација и самоеваулација. Самоевалуацијата е законска обврска на високообразовната институција чие исполнување е предвидено со член 77 од Законот за високото образование и со член 315 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Оттаму произлегува и обврската на Педагошкиот факултет да ја следи оваа процедура и да изврши самоевалуација на процесите на настава и учење и на научно-истражувачката дејност.

Во согласност со член 32 од Законот за високото образование и со член 40 од Првилникот за внатрешните односи и работењето на Педагошкиот факултет во Скопје, Наставно-научниот совет, на својата седница одржана на 20.6.2013 година, со тајно гласање, формира Комисија за самоевалуација во следниов состав:

1. проф. д-р Весна Макашевска
2. доц. д-р Методи Главче
3. доц. д-р Теута Питарка Шабани
4. доц. д-р Елизабета Ралповска
5. доц. д-р Зоран Михајловски
6. Рената Стојановска, студент
7. Бејтула Максуди, студент.

На истата седница, со тајно гласање, се формираа и три Поткомисии за самоевалуација на студиските програми на Педагошкиот факултет.

Поткомисија за самоевалуација на студиската програма по Одделенска настава, во следниов состав:

1. доц. д-р Љуљзим Муртезани
2. доц. д-р Владимир Талевски
3. доц. д-р Мариета Петрова
4. Махир Асани, студент
5. Шасуне Сејфула, студент.

Поткомисија за самоевалуација на студиската програма по Предучилишно воспитание, во следниов состав:
1. доц. м-р Јета Старова
2. доц. м-р Бурхан Ахмети
3. доц. д-р Маја Рауник Кирков
4. Стефанија Георгиевска, студент
5. Бујамин Абдуловски, студент.
Поткомисија за самоевалуација на студиската програма по Библиотекарство, во следниов состав:
1. доц. д-р Виолета Мартиновска
2. проф. д-р Светлана Камџијаш
3. проф. д-р Билјана Маленко
4. Хулија Бајрам, студент
5. Ивана Јосифовска, студент.

Комисијата за самоевалуација, на својата прва конститутивна седница, за претседател на Комисијата ја избра проф. д-р Весна Макашевска, а на третата седница беа избрани и претседателите на Поткомисиите за самоеваулација: доц. д-р Љуљзим Муртезани за Одделенска настава, доц. д-р Маја Рауник Кирков за Предучилишно воспитание и проф. д-р Билјана Маленко за Библиотекарство.

Бидејќи претседателот на Комисијата за самоевалуација проф. д-р Весна Макашевска беше избрана за продекан за настава, на состанокот на Комисијата одражан на 2.11.2016 година, за претседател беше избран доц. д-р Методи Главче. Од септември 2015 година поради изречување престанок на работен однос на доц. д-р Љуљзим Муртезани, претседателската функција на Поткомисијата за самоевалуација на студиската програма по Одделенска настава ја презеде доц. д-р Владимир Талевски.

Самоевалуацијата е извршена на начин и според условите утврдени со Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и според Упатството за самоевалуација. Притоа се земени предвид анализите и заклучоците дадени во последниот самоевалуациски извештај од 2012/2013 година.

Основна цел на процесот на самоевалуација е следење и анализа на сите релевантни сегменти од работењето на секоја високообразовна институција. Затоа самоевалуацијата се врши врз основа на квалитативна и квантитативна анализа со цел да го процени квалитетот на наставно-образовниот и на научно-истражувачкиот процес на првиот и на вториот циклус студии на Педагошкиот факултет во Скопје врз основа на анализа и проценка на клучните елементи (наставните програми, наставниот кадар, наставно-образовната дејност, научно-истражувачката работа, студентите, просторните и материјалните ресурси, надворешната соработка и финансирањето) и со помош на SWOT-анализата да се разоткријат добрите и лошите страни и да се предложат мерки за нивно подобрување, релативизирање или целосно отстранување.

За подготвување на Извештајот, Комисијата оствари контакти со сите структури и служби на Факултетот, честопати и поединечно со вработените, со претставниците на Студентскиот парламент и со Управата на Факултетот. Остварувањето на контактите се одвиваше по писмен пат, но и преку директни разговори со дел од нашите вработени лица.

### 2. Позитивни елементи и тешкотии во текот на самоевалуациониот процес

Самоевалуацијата беше спроведена при високо ниво на соработка на сите учесници во процесот, со голема поддршка од Деканатската управа и според документацијата, базата на податоци и информации со кои располага Факултетот. Соработката на наставниците, соработниците, Деканатот, студентите, Комисијата за самоевалуација и Поткомисиите за самоевалуација во однос на оценката и вреднувањето на работата на наставниот и на соработничкиот кадар, како и на стручните служби на Факултетот, беше на високо ниво. Како резултат на добрата соработка произлезе и овој Извештај за самоевалуација на нашиот Факултет.

## II. ОПИС НА ФАКУЛТЕТОТ

### 1. Историја

Основите на Педагошкиот факултет започнуваат во 1947 г. кога со Уредба бр. 7852, од 17.9.1947 г., е основана Вишата педагошка школа, институција за образование на наставен кадар за основното и средното образование. Во учебната 1961/62 година, како резултат на реформските промени и потребите за создавање наставен кадар кој ќе биде во функција на школската реформа, врз основа на новиот Закон за високошколски установи, Вишата педагошка школа се трансформира во Педагошка академија, институција за обука на наставници за основните училишта.

Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје е основан со Одлука на Универзитетската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 08-856/3 од 13.6.1995 година. Потпирајќи се врз одлуката за усвојување на Елаборатот за едукација на воспитувачи и одделенски наставници и врз согласноста на Министерството за образование и физичка култура, бр. 12-2247/2, Универзитетската управа на 11-тата седница одржана на 13.6.1995 година донесе Одлука за основање на овој Факултет.

Основната дејност и функција на Педагошкиот факултет е создавање на високостручен воспитен и наставен кадар за потребите на предучилишното воспитание и одделенската настава во Република Македонија. Долгорочната потреба за создавање ваков кадар беше утврдена со Елаборатот за едукација на воспитувачи и одделенски наставници. Покрај стручната и педагошко-

психолошката подготовка на овој кадар, со Одлуката е утврдена и научно-истражувачката дејност на Факултетот.

Изминатите осум децении се период на постојан раст и афирмација на Педагошкиот факултет при што во фокусот на неговото дејствување е континуираниот напор за реформирање на наставно-образовниот и научно-истражувачкиот процес во согласност со промените и барањата на воспитно-образовната и научно-истражувачката дејност, како и на постојано променливата практика за потребите на образованието во Република Македонија.

Промените во клучните сегменти на образовниот систем на земјата и кадровското зајакнување на Факултетот детерминираа крупни промени во наставните планови и содржини на наставно-научните дисциплини, во смисла на нивно проширување и збогатување. Наставните планови на Факултетот суштински се менувале во повеќе наврати по 1947 година: во студиските 1948/49 година, 1951/52 година, 1952/53 година, 1953/54 година, 1964/65 година. Од 1995 година реформите продолжуваат со трансформација на Педагошката академија во Педагошки факултет: 1995/96 година започнува примената на новите наставни планови за четиригодишни студии, а во 2004/05 година започнува примената на новите студиски и предметни програми според ЕКТС, надополнети и усогласени со новите барања на високото образование во Македонија во два наврати: 2009/10 и 2010/11 година.

На Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски"' во Скопје од 15.9.2010 година започна со работа новата студиска програма по Библиотекарство. На тој начин, Педагошкиот факултет, како матична високообразовна институција, ја прошири својата дејност и направи нов исчекор – вреден и значаен за современата едукација на младите генерации од областа на библиотекарството. Беше изготвен Елаборат за основање на додипломски студии по Библиотекарство, студиска програма што беше акредитирана од Одборот за акредитација и по која отпочнаа студиите по Библиотекарство (Решение бр. 12-1742/4 од 10.5.2010 година). Во согласност со постојниот Закон за високото образование и со релевантните подзаконски акти, трите студиски програми по Одделенска настава, Предучилишно воспитание и Библиотекарство беа реакредитирани од Одборот за акредитација и евалуација со Решение бр. 12-10/2 од 22.3.2013 година. Овие студиски програми започнаа да се реализираат од учебната 2013/14 година.

Во учебната 2010/11 година започна реализацијата на студии од втор циклус по студиските програми Одделенска настава и Предучилишно воспитание кои се изведуваат на трите наставни јазици: македонски, албански и турски. Тие беа акредитирани од Одборот за акредитација со Решение бр. 12-141/2 од 25.2.2010 година и Решение бр. 12-141/3 од 25.2.2010 година, по што отпочнаа студиите по наведените студиски програми. Во согласност со постојниот Закон за високото образование и со релевантните подзаконски акти, двете студиски програми беа реакредитирани од Одборот за акредитација

и евалуација со Решение бр. 12-55/2 од 29.5.2013 година. Овие студиски програми започнаа да се реализираат од учебната 2013/14 година. Со Решение бр. 12-205/4 од 17.3.2014 година од страна на Одборот за акредитација беше акредитирана студиската програма на втор циклус студии по Библиотекарство која започна да се реализира од учебната 2015/16 година.

Денес на Педагошкиот факултет постојат четири Институти: за одделенска настава, за предучилишно воспитание и за библиотекарство, на кои се реализираат студиски програми од прв и од втор циклус студии, како и Институт за научноистражувачка дејност (развој), во областа на образованието и воспитанието. Наставата од прв и втор циклус на Институтите за одделенска настава и за предучилишно воспитание се реализира на македонски, албански и турски јазик, додека наставата од прв и втор циклус на Институтот за библиотекарство се одвива само на македонски јазик. Во учебната 2013/14 година се организираа студии од трет циклус заедно со Филозофскиот факултет, поточно со Институтот за педагогија, па затоа и сите податоци за него се наоѓаат во документацијата на споменатата институција.

Покрај тоа, на Факултетот функционираат и следниве центри: Дидактичко-методички центар, Центар за педагошки истражувања и анализи, Центар за доживотно - перманентно учење и Центар за кариера. Во рамките на Факултетот функционира и Одборот за доверба и соработка со јавноста.

Во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и Правилникот за внатрешните односи и работењето на Педагошкиот факултет, постојат следниве органи на управување: наставно-научен совет, декан и деканатска управа. Наставно-научниот совет е највисок орган на управување и стручен орган на Факултетот. Наставно-научниот совет го сочинуваат сите редовни и вонредни наставници, доцентите и 5 редовни студенти (по двајца од наставните групи на македонски и албански јазик и еден од групите на турски јазик). Деканот е раководен орган на Факултетот и тој го застапува и го претставува Факултетот во земјата и во странство. Деканатската управа ја сочинуваат деканот, продеканите, раководителите на Институтите и претседателот на Студентскиот парламент на Факултетот. Во работата на Деканатската управа учествува и секретарот на Факултетот, но без право на одлучување.

На Факултетот денес работат вкупно 61 лице, од кои 40 се академски кадар, а 21 лице се административно-технички персонал, во редовен работен однос. На 2 лица од академскиот кадар им мирува работниот однос поради студиски престој во странство. Наставниот кадар го сочинуваат вкупно 26 жени и 14 мажи од кои 15 редовни професори, 15 вонредни професори, 7 доценти и 3 соработници.

Административно-техничкиот персонал го сочинуваат вкупно 15 жени и 6 мажи. Притоа, 10 лица се со високо образование, од кои едно лице е магистер на педагошки науки, 1 е со вишо, 8 се со средно и 2 лица се со основно образование.

Во реализацијата на наставната дејност учествуваат и 7 надворешно ангажирани наставници, како и 4 стручњаци од практиката. За потребите на административно-техничката служба се ангажирани 3 лица од Агенцијата за привремени вработувања.

Во рамките на националното високо образование, Педагошкиот факултет во Скопје зазема значајна позиција во образованието на високостручни кадри за профилите воспитувач во предучилишните установи и наставник за одделенска настава. Од основањето на Педагошкиот факултет досега, на оваа институција дипломирале 8620 студенти.

## 2. Мисија

Педагошкиот факултет, низ целиот изминат период, го трасираше патот на образованието и воспитанието на наставниот кадар за предучилишно воспитание и основно образование во Република Македонија. Наставата на нашиот Факултет се одвива на македонски, албански и турски наставен јазик, со што Факултетот може да го наречеме мултиетнички факултет.

Педагошкиот факултет, како високообразовна институција од високо ниво, развива различни активности кои му овозможуваат да ги оствари следните основни стратешки определби:

- Квалитетно високо образование на кадри од областа на образованието, воспитанието и библиотекарството од прв и втор циклус студии, со можности за стимулативен и креативен развој кој треба да ја збогати личноста на идниот наставник, воспитувач и библиотекар.
- Солидни услови за реализирање на предвидените студиски програми со можности за перманентно надоградување и примена на највисоките научни и стручни сознанија во рамките на наставните програми.
- Интерактивност и транспарентност во наставата, примена на информатичка технологија во наставата, како и примена на ЕКТС во студиските програми.
- Континуирана научна соработка со сродни високообразовни и научни установи во земјата и во странство.
- Промовирање на улогата на конструктивен фактор во развојот и унапредувањето на севкупните образовни процеси и во градењето на образовните политики во Република Македонија.
- Развивање и унапредување на соработката со предучилишните установи, основните училишта и библиотеките, особено во делот на изведувањето на практичната настава на студентите.
- Обезбедување можности за самонапредување и кариерен развој на секој вработен заради зголемување на личните способности и професионализмот во работењето.

## 3. Стратегија

Основна цел на Педагошкиот факултет во Скопје е да прерасне во врвна наставна и научно-образовна институција од областа на образованието во Република Македонија преку обезбедување висок квалитет во едукацијата на воспитно-образовниот и библиотекарскиот кадар и преку развивање интензивна партнерска соработка со реномирани високообразовни и научни институции во светот. Тоа претпоставува:

- Создавање програми за прв циклус студии кои ќе кореспондираат со програмите на модерните универзитети во светот и ќе обезбедуваат знаења за следење на тековите во современото образование.
- Посветеност на Факултетот и неговите вработени за обезбедување на процесот на континуирано образование.
- Обезбедување на процесот на континуирано ревидирање и осовременување на наставните програми од прв и од втор циклус студии во согласност со современите текови во образованието и промените во воспитно-образовниот систем на Република Македонија.
- Имајќи ја предвид интенцијата за постојан развој и напредок на нашиот Факултет, започната е постапка за акредитација на самостојни трет циклус (докторски) студии за: Образование на наставници (за примарното образование) и Рано детско образование, во фаза на изработка е и проект за трет циклус (докторски) студии за Библиотекарство.
- Обезбедување програми за обновување, осовременување и продлабочување на знаењата на вработените во воспитно-образовните институции и државните органи за образование (МОН, БРО, ДИЦ и др.).
- Ангажирање на Факултетот во воспоставување на долгорочна соработка со реномирани научни и високообразовни институции од Балканот и светот.
- Постојано унапредување на условите за студирање и работа на Факултетот. Во таа насока се спроведе повторно анкетирање на студентите за условите на студирање и за работата на административните служби (служба за студентски прашања, архива, библиотека, медијатека), како и на одговорното лице за ЕКТС. Резултатите од овие анкети се прикажани како дел од Извештајот и се доставени до Управата на Факултетот и до ННС.
- Континуирано надополнување на библиотечниот фонд со стручно-научна литература и периодика.
- Обезбедување парични фондови за стручно и научно усовршување и за студиски престои на вработените во странство, како и за организирање научни конференции.

- Овозможување слободен пристап до базите на меѓународните списанија со импакт-фактор.

**SWOT-анализа**

***S*** *– Факултетот влегува во редот на членките на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје кои реализирале значајни реформски зафати, воведувајќи модерни наставни програми и содржини на студиските програми. Располага со солиден наставен кадар, поволни просторни и материјални ресурси, членка е на Балканската асоцијација на учителски факултети. Соработката со воспитно-образовните и културните институции (градинки, училишта и библиотеки) е од големо значење за практичното оспособување на идните наставници, воспитувачи и библиотекари како завршна фаза во нивното професионално оформување.*

***W*** *– Потребни се натамошни напори за воспоставување на уште поквалитетни програми за континуирано усовршување на вработените во рамките на својата професија; продолжување на напорите што Факултетот веќе ги прави за продлабочување на меѓународната соработка, размена на студенти, ангажирање на визитинг-професори; унапредување и осовременување на наставниот процес, со тенденција за примена на современи образовни технологии, зголемување на можностите за реализација и унапредување на задолжителната практична настава на студентите како битна компонента при успешното комбинирање на теоретските и практичните знаења.*

***O*** *– Факултетот има потенцијал за интензивирање на соработката со сродни институции во земјата, Балканот и Европа, како и со државните органи за образование, наука и култура (МОН, БРО, ДИЦ и др.).*

***T*** *– Неповолната економска состојба, високата продукција на наставнички кадар, која придонесе за намалување на вреднувањето на наставничката професија, како и фактот дека институтите за педагогија нудат студиски програми со многу поширок спектар на вработливост кои се конкурентни при вработувањето на нашите дипломирани професори по одделенска настава и по предучилишно воспитание, го ограничуваат интересот на идните студенти за запишување на нашиот Факултет и за избор на професијата одделенски наставник или воспитувач. Се уште не постои практична валоризација на дипломата на дипломираните студенти по библиотекарство, поради што и е намален интересот за студирање на оваа група, иако вакви студии постојат само на нашиот Факултет на ниво на целата држава.*

# III. СТУДИСКИ ПРОГРАМИ

## 1. Опис на студиските програми од прв циклус студии

### 1.1. Студиска програма: Одделенска настава

Студиската програма за прв циклус студии по Одделенска настава се организира во согласност со Европскиот кредит трансфер-систем (ЕКТС). Таа е во траење од 4 години и носи вкупно 240 кредити, односно по 30 кредити во секој од вкупно осумте семестри. Наставата се изведува на македонски, албански и турски наставен јазик.

Предвидената студиска програма ја сочинуваат 31 задолжителен предмет, 16 од вкупно понудени 39 изборни предмети во рамките на студиската програма и 5 предмети од универзитетската листа.

Носител на студиите за едукација на дипломиран професор по одделенска настава е Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје. Реализатор на студиите е Институтот за одделенска настава, како составен дел на Педагошкиот факултет.

Реализирањето на студиската програма по Одделенска настава започна со неговото основање во 1995 година. Програмата е дополнета во неколку наврати, а последната промена која е одобрена од Одборот за акредитација започнува да се реализира од учебната 2013/14 година.

Студиската програма по Одделенска настава на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје е изработена во корелација со наставните програми од I до V одделение, Концепцијата за деветгодишно основно образование, како и според основните насоки од Националната програма за развој на образованието во Република Македонија до 2015 година.

Студиската програма по Одделенска настава, за прв циклус, има за цел да ги оспособи кандидатите за: поучување по сите предмети, односно подрачја во првиот и во вториот воспитно-образовен период од основното училиште (од прво до петто одделение); вреднување на сопствената практика врз основа на современите дидактички теории; креирање стратегии за решавање на воспитни проблеми и за тимско решавање на проблемите.

Предметите од студиската програма се поделени на задолжителни и изборни. Поради спецификата на наставата се опфатени и предмети од практичната настава. Студентите слушаат и полагаат 31 задолжителен предмет и 16 изборни предмети од вкупно 39 предмети предвидени во рамките на студиската програма по Одделенска настава и 5 предмети од УКИМ-листата. Програмата нуди и избор на еден факултативен предмет (Физичко воспитание) во прв и во втор семестар. Педагошката практика нема статус на предмет. За студентите од групите на албански и на турски наставен јазик со студиската програма се предвидени и предметите Македонски јазик со култура на изразувањето 1 (за етничките групи) и Македонски јазик со култура на

изразувањето 2 (за етничките групи). Студентите од овие групи, во согласност со членот 103 од Законот за високото образование, слушаат настава и полагаат испити на македонски наставен јазик уште на најмалку два предмети. Во студиската програма по Одделенска настава тоа се предметите Хигиена и Историја/Национална историја.

Практичната настава се остварува преку задолжителните предмети: Педагошка практика во I, II и во III семестар, со по најмалку еден наставен час еден ден седмично, вкупно 30 дена годишно. Од IV до VIII семестар практичната настава се реализира најмалку еден до два дена седмично преку практичните часови предвидени во рамките на предметите: Училишна педагогија, Методологија на педагошките истражувања, Методика на наставата по почетно читање и пишување, Методика на наставата по математика 1 и 2, Методика на наставата по запознавање на околината, природата и општеството 1 и 2, Ликовно образование со методика, Музичко образование со методика, Методика на наставата по македонски/албански/турски јазик 1 и 2, Основи на физичкото образование и Физичко образование со методика, како и со педагошкиот стаж во рамките на кој студентите под менторство учествуваат во реализацијата на наставниот процес во основното училиште еден ден седмично во текот на целиот семестар. Педагошката практика и Педагошкиот стаж немаат статус на предмети, но се услов на запишување на наредниот семестар, односно успешно завршување на студиите.

**Број на часови по задолжителни, изборни и предмети од УКИМ-листата**

| **Семестри** | **Задолжи-телни предмети** | **Изборни предмети** | **Предмети од УКИМ-листата** | **Педагош-ка практика** | **Педаго-шки стаж** | **Дипломска работа** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **I** | 300 | 90 | 45 | 15 | - | - |
| **II** | 315 | 45 | 75 | 15 | - | - |
| **III** | 300 | 90 | 45 | 15 | - | - |
| **IV** | 315 | 90 | 45 | - | - | - |
| **V** | 285 | 135 | - | - | - | - |
| **VI** | 375 | 75 | - | - | - | - |
| **VII** | 300 | 105 | 45 | - | - | - |
| **VIII** | 210 | 90 | - | - | 60 | 90 |
| **Вкупно** | **2400** | **720** | **255** | **45** | **60** | **90** |

Од структурата на часовите може да се види дека е обезбеден критериумот за развивање стручен профил според определбата на студентот. Степенот на предметните содржини целосно ги исполнува предвидените цели.

За секој наставен предмет е посочена основната литература, како задолжителна така и дополнителна. Процесот на реализација во кој се

стекнуваат знаења, вештини и способности во целост ги задоволува бројот на часовите за предавања и бројот на часовите за вежби.

На крајот на студиите, студентот има обврска да изработи и да одбрани дипломска работа која се вреднува со 6 кредити. Кредитите влегуваат во вкупниот број кредити предвидени за целокупните студии. Соодветноста на програмските содржини кореспондира со називот на дипломата. По одбраната на дипломската работа, во согласност со избраната студиска програма, кандидатот се стекнува со звањето дипломиран професор за одделенска настава.

### 1.2. Студиска програма: Предучилишно воспитание

Студиската програма за прв циклус студии за групата Предучилишно воспитание е конципирана врз основа на долгогодишното искуство на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје во едукацијата на квалитетни кадри кои го реализираат воспитно-образовниот процес во предучилишните установи. Дефинирањето на критериумите, целите и задачите на студиската програма е во согласност со високите стандарди за постојано унапредување и следење на современите научни достигнувања, како и со актуелните потреби во современото општество.

Овие додипломски академски студии се во согласност со Европскиот кредит трансфер-систем (ЕКТС). Студиската програма трае 4 години, односно 8 семестри, во кои студентите треба да стекнат 240 кредити, по 30 кредити во секој семестар. Наставата се изведува на три наставни јазици: македонски, албански и турски.

Реализирањето на студиската програма по Предучилишно воспитание на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје започна со неговото основање во 1995 година. Таа е дополнета во неколку наврати, а последната промена која е одобрена од Одборот за акредитација започнува да се реализира од учебната 2013/14 година.

Предложената студиска програма има за цел да ги оспособи студентите за: примена на образовна технологија, современи дидактичко-методички форми и стратегии на учење и поучување, соодветни на развојните и индивидуалните можности на децата/учениците од раната детска, предучилишна и раноучилишна возраст. Исто така, на студентите им се овозможува стекнување знаења и разбирање за социјалната и културната димензија на воспитно-образовниот систем, како и компетенции за планирање, организирање и реализација на воспитно-образовни активности во предучилишните институции и наставни часови во раниот училиштен период.

Предметите од студиската програма се поделени на задолжителни, изборни и предмети од УКИМ-листата. Поради спецификата на наставата се опфатени и предмети од практичната настава. Студентите слушаат и полагаат 29 задолжителни предмети, 14 изборни предмети од вкупно 35 предмети,

предвидени во рамките на студиската програма по Предучилишно воспитание и 5 предмети од УКИМ-листата. Програмата нуди и избор на еден факултативен предмет (Физичко воспитание) во прв и во втор семестар. Педагошката практика нема статус на предмет. За студентите од групите на албански и на турски наставен јазик со студиската програма се предвидени и предметите Македонски јазик со култура на изразувањето 1 (за етничките групи) и Македонски јазик со култура на изразувањето 2 (за етничките групи). Студентите од овие групи, во согласност со членот 103 од Законот за високото образование, слушаат настава и полагаат испити на македонски наставен јазик уште на најмалку два предмети. Во студиската програма по Предучилишно воспитание тоа се предметите Хигиена и Основи на филозофијата.

Практичната настава се остварува преку задолжителните предмети: Педагошка практика застапена од I до IV семестар, со по најмалку еден наставен час, еден ден седмично, вкупно 30 дена годишно. Од V до VIII семестар, практичната настава се реализира најмалку еден до два дена седмично преку практичните часови предвидени во рамките на предметите: Методологија на педагошките истражувања, Ликовно воспитание со методика, Физичко воспитание со методика, Методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот 1 и 2, Методика на воспитно-образовната работа по математика 1 и 2, Методика на воспитно-образовната работа по природа и општество 1 и 2, Музичко воспитание со методика, како и Педагошкиот стаж во градинка, два дена неделно во VIII семестар.

**Број на часови по задолжителни, изборни и предмети од УКИМ-листата**

| Семестри | Задолжи-телни предмети | Изборни предмети | Предмети од УКИМ-листата | Педагош-ка практика | Педаго-шки стаж | Дипломска работа |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **I** | 270 | 45 | 135 | 30 | - | - |
| **II** | 345 | 120 | - | 15 | - | - |
| **III** | 325 | 45 | 60 | 30 | - | - |
| **IV** | 300 | 45 | - | 15 | - | - |
| **V** | 240 | 105 | 60 | - | - | - |
| **VI** | 270 | 120 | 60 | - | - | - |
| **VII** | 360 | 45 | - | - | - | - |
| **VIII** | 225 | - | - | - | 135 | 90 |
| **Вкупно** | **2335** | **525** | **215** | **90** | **135** | **90** |

Од структурата на часовите може да се види дека е обезбеден критериумот за развивање стручен профил според определбата на студентот. Степенот на предметните содржини целосно ги исполнува предвидените цели.

Во сите наведени задолжителни и изборни предмети во студиската програма, основната литература е цитирана според стандардите на АПА. Односот на бројот на часовите за предавања и бројот на часовите за вежби е соодветен на понудената предметна програма.

На крајот на студиите, студентот има обврска да изработи и да одбрани дипломска работа која се вреднува со 6 кредити. Кредитите влегуваат во вкупниот број кредити предвидени за целокупните студии. Соодветноста на програмските содржини кореспондира со називот на дипломата. По одбраната на дипломската работа, во согласност со избраната студиска програма, кандидатот се стекнува со звањето дипломиран професор по предучилишно воспитание.

### 1.3. Студиска програма: Библиотекарство

Во насока на развојот на современото библиотекарство, од неопходна важност е профилирање соодветен едуциран кадар во рамките на институционалното образование. Со оглед на фактот дека Педагошкиот факултет својата дејност ја развива во согласност со најновите светски научни и образовни достигнувања и текови што се усогласени со стандардите на Болоњската декларација, во академската 2010-2011 година својата дејност ја прошири со отворање нова студиска група за библиотекарство чие научно-истражувачко подрачје се хуманистичките науки.

Студиската програма е изработена во корелација со библиотечните научни дисциплини и опфаќа повеќе области, почнувајќи од историјата на писменоста во светот и во Македонија, преглед на светските книжевности и книжевностите поврзани со нашата култура, сè до области кои стручно го оспособуваат идниот библиотекар, како што се: каталогизација и класификација на библиотечниот материјал, специјализирани библиотеки и збирки, историја и теорија на библиографијата итн.

Носител на студиите за едукација на дипломиран библиотекар е Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје. Реализатор на студиите е Институтот за библиотекарство, како составен дел на Педагошкиот факултет.

Реализирањето на оваа студиска програма започна во учебната 2010/2011 година откако тоа беше дозволено со Решение бр. 12-1742/4 од 10.5.2010 година на Одборот за акредитација и евалуација, а во согласност со постоечкиот Закон за високото образование и според релевантните подзаконски акти. Имајќи ги предвид промените во сферата на образованието и на општеството воопшто, евидентна беше потребата од измени и дополнувања и на оваа студиска програма. За таа цел е направена реакредитација на студиска програма за Библиотекарство, која почна да се применува од учебната 2013/14 година.

Главните цели на оваа студиската програма се: оспособување на студентите за организирање, пребарување, толкување и презентирање на библиотечните информации и на библиотечната граѓа, за водење збирки и фондови, за каталогизација, класификација и дигитализација на библиотечната граѓа, како и за практична примена на усвоените знаења.

Студиската програма по Библиотекарство е организирана за редовни и за вонредни додипломски студии и се реализира во рамките на 4-годишни студии, односно осум семестри, што е во согласност со ЕКТ-системот. И во оваа студиска група предметите се поделени на задолжителни, изборни и предмети од УКИМ-листата, а е предвидена и практична настава. Студентите слушаат и полагаат 24 задолжителни предмети, 13 изборни предмети од вкупно 22 предмети предвидени во рамките на студиската програма по Библиотекарство и 4 предмети од УКИМ-листата.

**Број на часови по задолжителни, изборни и предмети од УКИМ-листата**

| **Семестри** | **Задолжителни предмети** | **Изборни предмети** | **Предмети од УКИМ-листата** | **Дипломска Работа** |
|---|---|---|---|---|
| **I** | 270 | 45 | - | - |
| **II** | 270 | 45 | - | - |
| **III** | 270 | 45 | - | - |
| **IV** | 270 | 45 | - | - |
| **V** | 150 | 120 | 60 | - |
| **VI** | 150 | 135 | 45 | - |
| **VII** | 150 | 120 | 60 | - |
| **VIII** | 75 | 120 | 60 | 60 |
| **Вкупно** | **1605** | **675** | **225** | **60** |

Од структурата на часовите може да се види дека е обезбеден критериумот за развивање стручен профил според определбата на студентот. Степенот на предметните содржини целосно ги исполнува предвидените цели.

Секој наставен предмет, задолжителен или изборен, се изучува според литература предвидена и цитирана од соодветниот предметен наставник. Предвидениот број часови за предавања и бројот на часовите за вежби во целост соодветствува со потребите на наставниот процес.

На крајот на студиите, студентот има обврска да изработи и да одбрани дипломска работа која се вреднува со 6 кредити. Кредитите влегуваат во вкупниот број кредити предвидени за целокупните студии. Програмските содржини во целост соодветствуваат со називот на дипломата. По одбраната на дипломската работа, во согласност со избраната студиска програма, кандидатот се стекнува со звањето дипломиран библиотекар.

**SWOT-анализа**

***S*** *– Студиските програми обезбедуваат солидни теоретски и практични знаења од областите на предучилишното и основното образование и на библиотекарството. Студентите се оспособуваат за примена на современи наставни стратегии што кореспондираат со современите научни сознанија.*

***W*** *– Сведувањето на предметните програми на еден семестар имплицира нужни компромиси во сеопфатноста на содржините опфатени со предметните програми.*

***O*** *– Отворени можности за натамошно профилирање на асортиманот на изборни предмети и опции во насока на проширување и изнаоѓање нови специјалности за студентите.*

***T*** *– Релативната заситеност на пазарот на трудот и политиката на ресорните министерства и Владата на РМ доведоа до намалување на квотите за упис на нови студенти и до мирување на студиската група Библиотекарство.*

## 2. Опис на студиските програми од втор циклус студии

За продлабочување на теоретските и научните сознанија на дипломираните студенти, Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје организира студии од втор циклус на групите Одделенска настава и Предучилишно воспитание, а за групата Библиотекарство овие студии започнаа во учебната 2015/16 година. Наставата на вториот циклус студии се изведува на македонски, албански и турски наставен јазик, освен на групата за Библиотекарство каде што наставата се изведува само на македонски јазик. Факултетот располага со наставен кадар од општественото, хуманитарното, природно-математичкото и дидактичко-методското научно подрачје, што соодветствува на потребите за профилот на овој циклус студии.

Вториот циклус студии на Педагошкиот факултет се конципирани како континуитет на првиот циклус студии и претставуваат флексибилен сегмент за натамошен професионален развој. Програмите се наменети за сите студенти кои завршиле студиска програма од прв циклус студии, во обем од 240 ЕКТС-кредити од областа на образованието, воспитанието и библиотекарството, на нашиот Факултет или на други сродни факултети.

### 2.1. Студиска програма: Одделенска настава

Студиската програма на академски магистерски студии од втор циклус на студиската група Одделенска настава е развиена во согласност со критериумите, задачите и целите на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје за одржување високи стандарди во образувањето

квалитетни наставни кадри. Студиската програма е конципирана на начин кој овозможува стекнување на знаења и компетенции неопходни за магистер од оваа област. Тие треба да претставуваат основа за понатамошно образование и следење на најновите достигнувања во теоријата и практиката и нивна примена во современиот воспитно-образовен процес.

Програмата за академски магистерски студии од втор циклус на студиската програма по Одделенска настава е регулирана со Решение за акредитација на студиската програма бр. 12-141/2, со што од учебната 2010/11 на Педагошкиот факултет започна реализацијата на споменатата програма. Во согласност со современите тенденции во образованието и во општеството воопшто, се направи реакредитација на студиската програма која започна да се применува од учебната 2013/14 година.

Со оваа студиска програма кандидатите имаат можност да се здобијат со нови и продлабочени знаења, да се оспособат за научно-истражувачка дејност и да изградат дефинирани сетови на компентенции од областа на образованието и воспитанието кои треба да ги поседува идниот магистер по одделенска настава за да може успешно и компетентно да ја врши дејноста во воспитно-образовниот процес и да аплицира на работни места во образовниот систем.

Во согласност со Болоњските принципи, оваа студиска програма предвидува студирање според ЕКТ-системот, односно стекнување на вкупно 60 кредити за завршување на предвидените студии, распоредени во 2 семестри.

Бројот на предметите за реализација на програмските подрачја во првиот семестар е поделен во: 4 задолжителни предмети, во кои влегува и магистерскиот труд, 3 изборни предмети и еден предмет од УКИМ-листата. Изборните предмети се поделени во две групи: Б.1 - составена од 12 предмети од кои студентот бира еден; Б.2 – понудени се 19 предмети од кои студентот бира два предмети. Во вториот семестар студентот бира еден предмет од веќе понудените изборни предмети од групата Б.2.

**Број на часови по задолжителни, изборни и предмети од УКИМ-листата**

| Семестри | Задолжителни предмети | Изборни предмети | Предмети од УКИМ-листата | Магистерски труд |
|---|---|---|---|---|
| I | 225 | 150 | 75 | - |
| II | - | 75 | - | 750 |
| **Вкупно** | **225** | **225** | **75** | **750** |

Во сите предметни програми е цитирана основната и дополнителната литература. Соодветно на овој циклус студии и начинот на неговата реализација, односот на предвидените часови за предавања, вежби, изработка

на семинарска работа или теренска работа (односно, изведување и изработка на проектна активност), целосно е задоволен во програмата за овој циклус студии.

По завршените последипломски студии и одбраната на магистерскиот труд, кандидатот се стекнува со научен степен магистер по одделенска настава што соодветствува на избраниот стручен профил според определбата на студентот.

## 2.2. Студиска програма: Предучилишно воспитание

Студиската програма на академски магистерски студии од втор циклус на студиската група Предучилишно воспитание е развиена во согласност со критериумите, задачите и целите на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје за задржување на високиот стандард во образувањето на квалитетни наставни кадри. Студиската програма е конципирана на начин кој овозможува стекнување на знаења и компетенции неопходни за магистер од оваа област, односно вклучува стекнување на знаења и способности за креирање и примена на соодветни методолошки стратегии за истражување, за проценка и примена на воспитно-образовни модели кои се соодветни со специфичноста на различни предучилишни воспитно-образовни контексти.

Програмата за академски магистерски студии од втор циклус на студиската програма по Предучилишно воспитание е регулирана со Решение за акредитација на студиската програма бр. 12-141/3, со што од учебната 2010/11 година започна реализацијата на споменатата програма. Во согласност со современите тенденции во образованието и во општеството воопшто, се направи реакредитација на студиската програма која започна да се применува од учебната 2013/14 година.

Со оваа студиска програма кандидатите имаат можност да се оспособат за познавање и разбирање на различни научно-истражувачки стратегии и модели во областа на воспитно-образовниот процес, познавање и разбирање на современите теории за детскиот развој, како и на дидактичко-методските пристапи во воспитанието и образованието на децата од предучилишна возраст. Програмата има за цел да формира критички број професионалци кои ќе се грижат за континуиран развој на квалитетот на предучилишното воспитание во Република Македонија според современите воспитно-образовни процеси во светот, односно да овозможи професионализација на предучилишното воспитание и подигање на квалитетот на стручната оспособеност на воспитувачите во предучилишните институции и во прво одделение од првиот воспитно-образовен период на основното училиште.

Во согласност со Болоњските принципи, оваа студиска програма предвидува студирање според ЕКТ-системот, односно стекнување на вкупно 60 кредити за завршување на предвидените студии, распоредени во 2 семестри.

Бројот на предметите за реализација на програмските подрачја во првиот семестар е поделен во: 4 задолжителни предмети, во кои влегува и

магистерскиот труд, 3 изборни предмети и еден предмет од УКИМ-листата. Изборните предмети се поделени во две групи: Б.1 – составена од 12 предмети од кои студентот бира еден; Б.2 – понудени се 16 предмети од кои студентот бира два предмети. Во вториот семестар студентот бира еден предмет од веќе понудените изборни предмети од групата Б.2.

**Број на часови по задолжителни, изборни и предмети од УКИМ-листата**

| Семестри | Задолжителни предмети | Изборни предмети | Предмети од УКИМ-листата | Магистерски труд |
|---|---|---|---|---|
| I | 225 | 150 | 75 | - |
| II | - | 75 | - | 750 |
| **Вкупно** | **225** | **225** | **75** | **750** |

Во сите предметни програми е цитирана основната и дополнителната литература. Соодветно на овој циклус студии и начинот на неговата реализација, односот на предвидените часови за предавања, вежби, изработка на семинарска работа или теренска работа (односно, изведување и изработка на проектна активност), целосно е задоволен во програмата за овој циклус студии.

По завршените последипломски студии и одбраната на магистерскиот труд, кандидатот се стекнува со научен степен магистер по предучилишно воспитание што соодветствува на избраниот стручен профил според определбата на студентот.

## 2.3. Студиска програма: Библиотекарство

Имајќи ги предвид промените во сферата на библиотекарството и на образованието, евидентна беше потребата од отворање втор цилкус студии по Библиотекарство. За таа цел, во учебната 2014-2015 година беше акредитирана новата студиска програма за библиотекарство при Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје. Програмата за академски магистерски студии од втор циклус на студиската програма по Библиотекарство е регулирана со Решение за акредитација на студиската програма бр. 12-205/4, со што од учебната 2015/16 година започна реализацијата на споменатата програма.

Задачата на вториот циклус студии по Библиотекарство е подготвување современ профил на библиотекари – профил кој е целосно дефицитарен во нашата држава. Новиот профил на идните магистри по библиотекарство, во голема мера, ќе биде детерминиран од современите трендови во библиотекарството, од новите светски стратегии за развој на библиотеките, од потребите за развој на дигиталните библиотеки, од современиот менанџмент

на библиотекарското работење, од определбите на Манифестот на УНЕСКО за народните библиотеки, Манифестот на УНЕСКО за училишните библиотеки, Етичкиот кодекс на библиотекарите и многу други меѓународни и национални документи, неопходни за функционирањето на едно успешно и современо библиотекарство. Главната и суштинска цел на вториот циклус студии за библиотекарство е профилирање современи информациски кадри за потребите на новиот век, кадри кои ќе бидат главни носители и двигатели на сите современи текови и тенденции во библиотечните процеси, односно во целокупното библиотечно работење.

Студиската програма е во траење од една година, односно два семестри и содржи задолжителни и изборни предмети. Задолжителните и изборните предмети се од соодветната област на Институтот и 1 изборен предмет кој студентот го избира од УКИМ-листата. По завршувањето на студиите, студентот се стекнува со 60 ЕКТС-кредити и со звање **магистер по библиотекарство**.

Бројот на предметите за реализација на програмските подрачја во првиот семестар е поделен во: 4 задолжителни предмети, во кои влегува и магистерскиот труд, 3 изборни предмети и еден предмет од УКИМ-листата. Изборните предмети се поделени во две групи: Листа бр. 1 – составена од 3 предмети од кои студентот бира еден; Листа бр. 2 – понудени се 3 предмети од кои студентот бира еден предмет. Во вториот семестар студентот бира еден предмет од веќе понудените изборни предмети од листата на УКИМ.

**Број на часови по задолжителни, изборни и предмети од УКИМ-листата**

| Семестри | Задолжителни предмети | Изборни предмети | Предмети од УКИМ-листата | Магистерски труд |
|---|---|---|---|---|
| I | 180 | 120 | - | - |
| II | - | - | 60 | 720 |
| **Вкупно** | **180** | **120** | **60** | **720** |

Во сите предметни програми е цитирана основната и дополнителната литература. Соодветно на овој циклус студии и начинот на неговата реализација, односот на предвидените часови за предавања, вежби, изработка на семинарска работа или теренска работа (односно, изведување и изработка на проектна активност), целосно е задоволен со програмата за овој циклус студии.

По завршените последипломски студии и одбраната на магистерскиот труд, кандидатот се стекнува со научен степен магистер по библиотекарство што соодветствува на избраниот стручен профил според определбата на студентот.

**SWOT-анализа**

***S*** *– Студиските програми обезбедуваат продлабочени теоретски и практични знаења од областите на предучилишното и основното образование, како и од библиотекарството. Студентите се оспособуваат за примена на научно-истражувачки стратегии и техники во воспитно-образовната наука и практика и во библиотекарската дејност.*

***W*** *– Проблематична вработливост, поширока општествена евалуација на профилираниот кадар, отсуство на финансиска материјализација на стекната диплома што делумно произлегува од фактот дека тоа се нови стручни профили.*

***O*** *– Збогатување на студиските програми со нови насоки кои без поголеми тешкотии ќе овозможат поголеми можности за вработување во различни сфери на образованието.*

***T*** *– Проширената конкуренција на овој степен студии, од кои дел е нелојална, неадекватната презентација на егзистенцијата, можностите и бенефициите од магистерските студии пред соодветните инстанци, се заканува сериозно да го редуцита нивото на интерес на кандидатите за овие студиски програми.*

## IV. Наставно-научен и соработнички кадар

На Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, на трите студиски програми и на трите наставни јазици, наставата ја реализираат вкупно 40 наставници и соработници (28 жени и 12 мажи) во следниве звања: 15 редовни професори, 15 вонредни професори, 7 доценти и 3 соработници. Од вкупниот број наставници и соработници, 38 се со полно работно време, а на двајца, од кои еден вонреден професор и еден доцент, работниот однос им мирува поради студиски престој во странство.

Редовните професори се на возраст од 47 до 65 години, вонредните професори се на возраст од 40 до 49 години, доцентите се на возраст од 30 до 57 години, а соработниците се на возраст од 30 и 45 години. На крајот од учебната 2012/13 година имавме едно ново вработување – еден соработник магистер.

За потребите на наставата се ангажирани и надворешни професори и тоа: 4 редовни професори, 3 вонредни професори, 1 доцент, 1 насловен доцент и 4 стручњаци од практиката.

Состојбата во поглед на соодносот на наставниот кадар со вкупниот број студенти е непроменета во споредба со претходниот период, но соодветствува со бројот на студентите поради намалувањето на бројот на запишани студенти, во согласност со уписната политика на државата. Но мора да се потенцира дека овој соодност е различен кај трите студиски програми поради фактот што поголем дел од наставниците и соработниците се едновремено ангажирани во наставно-образовниот процес на повеќе студиски програми. Секако, мора да се напомене дека постои отворен простор за пополнување на наставниот кадар на

сите три наставни јазици, имајќи ја предвид ситуацијата на континуирано заминување во пензија на професорите и непополнување на испразнетите работни места.

При изборите, реизборите и унапредувањата на наставниците и соработниците, Факултетот ги почитува критериумите, стандардите и обврските што произлегуваат од Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти - докторанди на Универзитетот и Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот. Освен тоа, секој нов избор е поткрепен со мислење од Одборот за односи и соработка со јавноста, како и со извештај за оценка од самоевалуација.

## 1. Наставно-научен и соработнички кадар на прв циклус студии

Во периодот од септември 2013 до септември 2016 година и во зимскиот и во летниот семестар наставата на студиската група Одделенска настава беше покриена приближно со 85% наставници и соработници вработени на Факултетот, а за другите предмети беа ангажирани наставници од УКИМ и од други државни универзитети во Република Македонија.

Во реализацијата на наставата на студиската програма по Одделенска настава учествуваат 37 наставници бирани во наставно-научно звање и 3 соработници.

На студиската програма по Одделенска настава просечниот фонд на часови по наставник и соработник е над 210 часа. Поголем број од наставниците и соработниците изведуваат настава и на другите студиски програми на Факултетот, поради што некои наставници и соработници имаат помал или поголем ангажман на оваа студиска програма.

Во реализацијата на наставата на студиската програма по Предучилишно воспитание учествуваат 36 наставници бирани во наставно-научно звање и 3 соработници.

Во периодот од септември 2013 до септември 2016 година и во зимскиот и во летниот семестар наставата на студиската група Предучилишно воспитание беше покриена приближно со 85% наставници и соработници вработени на Факултетот, а за другите предмети беа ангажирани наставници од УКИМ и од други државни универзитети во Република Македонија.

На студиската програма по Предучилишно воспитание просечниот фонд на часови по наставник и соработник е над 190 часа. Поголем број од наставниците и соработниците изведуваат настава и на другите студиски програми на Факултетот поради што некои наставници и соработници имаат намален или зголемен ангажман на оваа студиска програма.

Во реализацијата на наставата на студиската програма по Библиотекарство учествуваат 16 наставници бирани во наставно-научно звање и 2 соработници.

Студиската група Библиотекарство од септември 2013 до септември 2016 година и во зимскиот и во летниот семестар беше покриена со 86% наставници и соработници вработени на Факултетот, а за 14% од предметите беа ангажирани наставници од УКИМ и од други државни институции во Република Македонија.

На студиската програма по Библиотекарство просечниот фонд на часови по наставник е над 115 часа. Поголем број од наставниците изведуваат настава и на другите студиски програми на Факултетот поради што некои наставници и соработници имаат намален или зголемен ангажман на оваа студиска програма.

## 2. Наставно-научен и соработнички кадар на втор циклус студии

Во реализацијата на наставно-образовниот и на научно-истражувачкиот процес на вториот циклус студии на Факултетот е ангажиран речиси целокупниот наставнички кадар. Наставата на вториот циклус студии, поради малиот број запишани студенти, се одвиваше по пат на менторска настава. Со цел да се унапреди наставно-истражувачката дејност и да се добие потребниот квалитет во реализацијата на сите потребни активности предвидени при изработката на проектните задачи и магистерскиот труд, беа формирани комисии за спроведување на предвидените испити.

**SWOT-анализа**

***S*** – *Факултетот располага со компетентен наставно-научен и стручен кадар за покривање на наставните дисциплини застапени во трите студиски програми.*

***W*** – *Нерамномерна оптовареност на наставниот кадар во реализацијата на наставно-образовниот процес. Немањето пристап до бази на релевантни меѓународни научни списанија неопходни за научниот развој на наставно-научниот кадар.*

***O*** – *Потребно е да се направат напори наставниот кадар да се усовршува низ студиски престои во странство и да се надминат проблемите со нерамномерната ангажираност на кадрите на Факултетот.*

***T*** – *Забележително е осетното намалување на бројот на наставниците како резултат на пензионирањето на дел од нив и неможноста за вработување нов наставен и соработнички кадар на Факултетот.*

## V. Наставно-образовна дејност

Во учебната 2015/16 година наставата се изведуваше според моделот 4+1, односно наставата се реализираше во прв и втор циклус студии.

На Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, на трите студиски програми и на трите наставни јазици, наставата се реализира преку современи стратегии на наставна работа од кои доминантна форма се предавањата, што не значи дека се помалку застапени и другите облици на настава: вежби, хоспитации, индивидуална менторска работа, интерактивна настава, семинари, проектна настава и сл. Специфика за нашиот Факултет е реализацијата на скратената настава која е наменета за вонредните студенти и за студентите кои студираат во рамките на проектот 30/35.

Педагошкиот факултет соработува со институции кои едуцираат наставнички кадар во рамките на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј “ во Скопје, како и со други универзитети и сродни установи во земјата и на Балканот.

Традиционалните методи на проверување на знаењето (колоквиуми, усни/писмени испити, семинарски работи) и понатаму се користат поради почитувањето на посебностите на одделни предмети, но и се дополнуваат со проектна и истражувачка работа, решавање проблеми, портфолио и др. Се применуваат два вида оценување: *формативно,* со кое се оценува процесот на учење на студентот и преку кое тој добива информации за своето напредување и подобрување, и *сумативно,* со кое се оценува постигањето на студентот, односно продуктот од неговото учење.

Дипломските работи на Факултетот се задолжителен завршен испит. Се изработуваат во писмена форма и се бранат усно пред трichлена комисија. Студентите самостојно ја одбираат научната област, но во договор со предметниот наставник и темата што сакаат да ја елаборираат во дипломската работа.

Должината на просечното време на студирање на Педагошкиот факултет за учебната 2015/16 година изнесува околу 5,5 години. Бројот на запишани студенти во последните три учебни години изнесува 733 (секако, овде го имаме предвид и фактот дека на студиската група Библиотекарство немаше упис на редовни и вонредни студенти во две учебни години: 2013/14 и 2014/15 година), додека бројот на дипломирани студенти е 869. Во учебната 2015/16 година, во предвидениот рок дипломирале 50 студенти.

На вториот циклус студии од неговото воведување до учебните 2013/14, 2014/15 и 2015/16 година се запишани вкупно 20 студенти, од кои магистрирале 2 кандидати.

### SWOT-анализа

***S*** *– Примена на современи модели во реализацијата на наставата базирани врз содејство на наставници со референтно високи квалификации и*

*современа наставна технологија. Доминантна форма на проверка на знаењата се колоквиумите што претпоставува перманентна верификација на знаењата во текот на студирањето и мотивирачко влијание врз студентите.*
***W** – И покрај евидентниот напредок постигнат во изминативе години кој се изразува преку значајно намалување на наставата екскатедра, сè уште има простор за поголема застапеност на другите форми на реализација на наставно-образовниот процес, а особено на активната и на интерактивната настава.*
***O** – Постојаното подобрување на техничката опременост на Факултетот дава можности за поголема примена на современи технологии во реализацијата на наставата.*
***T** – Тенденцијата на намалување на квотите за упис на нови студенти и статусот на мирување на одделни студиски групи, како политика креирана од страна на државата.*

## VI. Студенти

### 1. Студенти на прв циклус студии

Интересот на младите генерации за студирање на Педагошкиот факултет е голем. Почнувајќи од студиската 2006/07 година на Факултетот не се спроведуваат приемни испити, а рангирањето се врши според постигнатиот успех од средното образование. Во учебните 2013/14, 2014/15 и 2015/16 година постигнатиот успех од средното образование учествуваше со 60% во вкупните поени за рангирање, додека другите 40% се однесуваа на резултатите од полагањето на државната матура во средните училишта. Притоа, услов за запишување на студентите на нашиот Факултет беше да поминат интервју кое имаше елиминаторен карактер.

На Педагошкиот факултет во периодот за кој се однесува Извештајот (2013/14, 2014/15, 2015/2016 г.), според Конкурсот беа запишани вкупно 733 студенти. Во следнава табела е наведен бројот на запишани студенти по учебни години и по студиски групи.

| Учебна година | 2013/14 | 2014/15 | 2015/16 |
|---|---|---|---|
| ОН/М | 55 | 49 | 41 |
| ОН/А | 51 | 35 | 49 |
| ОН/Т | 28 | 21 | 18 |
| ПВ/М | 38 | 50 | 39 |
| ПВ/А | 26 | 25 | 49 |
| ПВ/Т | 3 | 5 | / |
| Библиотекарство | 16 | 15 | 25 |
| Вкупно | 217 | 200 | 221 |

Оттука може да се види дека бројот на запишани студенти се движи околу 200 студенти што претставува опаѓање во однос на претходните години и, секако, зависи од квотите определени од страна на Министерството за образование и наука кои го ограничуваат бројот на запишани студенти по сите групи.

Имајќи го предвид вкупниот број запишани студенти на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, може да констатираме дека во учебната 2013/14 година 62% од студентите се запишани на групата Одделенска настава, 31% се студенти запишани на групата Предучилишно воспитание, а 7% од вкупниот број запишани студенти се на групата Библиотекарство; во учебната 2014/15 година 52% од студентите се запишани на групата Одделенска настава, 40% се студенти запишани на групата Предучилишно воспитание, а 8% од вкупниот број запишани студенти се на групата Библиотекарство; во учебната 2015/16 година 48% од студентите се запишани на групата Одделенска настава, 41% се студенти запишани на групата Предучилишно воспитание, а 11% од вкупниот број запишани студенти се на групата Библиотекарство. Очигледно е дека поголемиот интерес на студентите е насочен кон групата Одделенска настава и тоа на трите наставни јазици. Споредувајќи ги трите учебни години, може да се забележи тенденција на раст и приближување во бројот на запишани студенти на групата Предучилишно воспитание во споредба со бројот на запишани студенти на групата Одделенска настава, имајќи го предвид претходниот Извештај (од 2012/13 г.) кога овој соодност беше 1:2 во корист на групата Одделенска настава. Во однос на групата Библиотекарство, останува малиот број студенти (7%, 8%, 11%), но споредено со претходниот Извештај (од 2012/13 г.) се забележува благо зголемување на бројот на запишани студенти и на оваа студиска група. Сепак, мора да се напомене и фактот дека малиот број студенти се должи и поради тоа што две учебни години оваа група беше ставена во мирување од страна на Министерството за образование и наука и покрај постоечкиот интерес за студирање на групата Библиотекарство.

Во последните три учебни години бројот на студентите кои дипломирале, заклучно со 15 септември 2016, изнесува вкупно 869 студенти на сите три групи и на сите три наставни јазици.

Во однос на оценувањето на наставниците од страна на студентите е спроведена анкета која содржеше 11 прашања и врз основа на кои студентите го искажаа својот став и го оценија квалитетот и на наставно-образовниот процес и на наставниците и соработниците. Сето тоа е претставено преку добиените резултати од спроведената анкета. Дадените одговори се однесуваат на наставниците кај кои испитаните студенти следеле настава и полагале испити во текот на зимскиот и на летниот семестар од учебната 2015/2016 година.

**Зимски семестар 2015/2016 г.**

Анкетниот прашалник им е зададен на студентите во термини за време на часовите одржани во текот на месец декември 2016 година. *Во анкетата учествуваа вкупно 262 студенти, од сите три јазични групи*. Дадените одговори се однесуваат на работата на наставниците кај кои испитаните студенти следеле настава и полагале испити во текот на зимскиот семестар од учебната 2015/2016 година. По таа основа, се собрани податоци за вкупно *35 постојани наставници на Педагошкиот факултет. Податоците се распоредени во вкупно 75 наставни предмети (во опсег меѓу еден и четири по наставник) во збирната матрица*. Истите се обработени во соодветен статистички пакет (SPSS 17.0) и се анализирани од страна на Комисијата, врз основа на што се констатирани следниве состојби:




Во целина, *студентите и понатаму се мошне задоволни (просечна оценка 9,10) со стручните квалитети и поширокиот однос од страна на наставниот кадар*. По парцијални параметри, просечните оценки по различните критериуми, главно, се изедначени. Со највисока оценка во овој семестар е пондериран критериумот на *редовноста и рационалното користење на времето* (9,33), а следат *подготвеноста за предавања и вежби* и *обезбеденоста со материјали за учење и подготвување на испитите* (9,24). На спротивниот крај се *објективноста во оценувањето* (9,06) и *достапноста за комуникација* (9,05). Овде не го сметаме критериумот на тежината на

барањата кон студентите и на самиот испит (8,36) бидејќи тој износ сам по себе не е вредносна категорија (подобро-полошо), за разлика од другите прашања.

Во прилог, следи ранг-листата на 35-те наставници, според постигнатата збирна просечна оценка:

1) Теута Шабани (9,74)

2) Аида Ислам (9,67)

3) Маја Рауник Кирков (9,58)

3) Владо Тимовски (9,58)

5) Флорина Шеху (9,56)

6) Методи Главче (9,53)

7) Бујар Саити (9,50)

8) Слаѓана Јакимовиќ (9,48)

8) Бурхан Ахмети (9,48)

10) Владимир Талевски (9,46)

11) Јета Старова (9,44)

12) Билјана Камчевска (9,37)

12) Светлана Камџијаш (9,37)

12) Виолета Мартиновска (9,37)

15) Зоран Михајловски (9,36)

16) Елизабета Ралповска (9,33)

17) Емил Сулејмани (9,30)

18) Благица Петковска (9,28)

19) Вехби Кадриу (9,23)

20) Билјана Маленко (9,18)

20) Весна Макашевска (9,18)

22) Мито Спасевски (9,17)

23) Лулзим Адеми (9,15)

24) Мариета Петрова (8,96)

25) Татјана К. Мојсовска (8,91)

25) Аднан Ќахил (8,91)

27) Ѓулумсере Касапи (8,87)

28) Лулзим Алиу (8,79)

29) Сузана Котовчевска (8,48)

30) Билјана Глигорова (8,45)

31) Леонора Јегени (8,40)

32) Сузана Н. Банчотовска (8,36)

33) Мирослава Николоска (8,24)

34) Розалина П. Коскарова (7,92)

35) Марјан Малцев (7,83)

**Летен семестар 2015/2016 г.**

Анкетниот прашалник им е зададен на студентите во термини за време на часовите одржани во текот на месец декември 2016 година. *Во анкетата учествуваа вкупно 244 студенти, од сите три јазични групи.* Дадените одговори се однесуваат на работата на наставниците кај кои испитаните студенти следеле настава и полагале испити во текот на летниот семестар од учебната 2015/2016 година. По таа основа, се собрани податоци за вкупно *35 постојани наставници на Педагошкиот факултет. Податоците се распоредени во вкупно 78 наставни предмети (во опсег меѓу еден и четири по*

*наставник) во збирната матрица.* Истите се обработени во соодветен статистички пакет (SPSS 17.0) и се анализирани од страна на Комисијата, врз основа на што се констатирани следниве состојби:




Во целина, *студентите и понатаму се мошне задоволни (просечна оценка 9,14) со стручните квалитети и поширокиот однос од страна на наставниот кадар.* По парцијални параметри, просечните оценки по различните критериуми, главно, се изедначени. Со највисока оценка во овој семестар е пондериран критериумот на *редовноста и рационалното користење на времето* (9,35), а следат *стручноста на наставниците* (9,31), следени со критериумите *обезбеденост со материјали за учење и подготвување на испити* и *усогласеноста предавања – вежби* (9,24). На спротивниот крај се *достапноста за комуникација* (9,09) и *објективноста во оценувањето* (9,06). Овде не го земаме предвид критериумот на тежината на барањата кон студентите и на самиот испит (8,33) бидејќи тој износ сам по себе не е вредносна категорија (подобро-полошо), за разлика од другите прашања.

Во прилог, следи ранг-листата на 35-те наставници, според постигнатата збирна просечна оценка:

1) Аида Ислам (9,78)

2) Виолета Мартиновска (9,70)

3) Маја Рауник Кирков (9,69)

3) Флорина Шеху (9,69)

5) Елизабета Ралповска (9,62)

6) Владо Тимовски (9,61)

7) Теута Шабани (9,60)

8) Благица Петковска (9,51)

9) Бурхан Ахмети (9,42)

9) Владимир Талевски (9,42)

11) Аднан Ќахил (9,40)

12) Бујар Саити (9,39)

13) Мито Спасевски (9,35)

14) Зоран Михајловски (9,29)

15) Билјана Камчевска (9,26)

16) Слаѓана Јакимовиќ (9,24)

17) Билјана Маленко (9,22)

17) Весна Макашевска (9,22)

19) Лулзим Адеми (9,19)

20) Лулзим Алиу (9,16)

21) Леонора Јегени (9,11)

22) Методи Главче (9,09)

23) Емил Сулејмани (9,08)

24) Мариета Петрова (9,07)

25) Ѓулумсере Касапи (9,06)

26) Јета Старова (8,97)

26) Сузана Н. Банчотовска (8,97)

28) Татјана К. Мојсовска (8,87)

29) Светлана Камџијаш (8,78)

30) Розалина П. Коскарова (8,63)

31) Билјана Глигорова (8,59)

32) Вехби Кадриу (8,49)

33) Мирослава Николоска (8,10)

34) Сузана Котовчевска (7,93)

35) Марјан Малцев (7,50)

Податоците од анализата на анкетите од учебните 2013/14 и 2014/15 година се дадени во прилог.

На Педагошкиот факултет студентите се организирани во Студентски парламент кој ги одразува интересите на неговите членови во наставно-образовниот процес, во доменот на студентските услуги, во културно-забавната сфера итн. Студентите активно учествуваат во управувањето на Факултетот. Според Статутот на Факултетот, тие имаат свои претставници во Наставно-научниот совет (по двајца од студиските групи на македонски и на албански јазик и еден од студиските групи на турски јазик), што значи вкупно пет претставници, со право на глас по сите прашања, освен за прашањата што се однесуваат за избор, реизбор и унапредување на наставниците и соработниците. Претседателот на Сојузот на студентите е член на Управата на Факултетот. Студентите, по правило, имаат и свои претставници во сите позначајни комисии и тела што се формираат на Факултетот, а во тој контекст,

имаат и свои претставници во Комисијата за самоевалуација на ниво на Факултетот и во Поткомисиите за самоевалуација на студиските групи.

**SWOT-анализа**

***S*** *– Висок и стабилен интерес за студирање на Факултетот, голем број пријавени кандидати со просечен многу добар успех од средното образование, реализација на задолжителна практична настава за сите студенти.*

***W*** *– Непостоење дополнителни критериуми за проверување на знаењата и способностите на кандидатите кои се пријавуваат на нашиот Факултет.*

***O*** *– Големи можности за стекнување практично искуство на студентите преку реализација на практичната настава.*

***T*** *– Уписната политика на Владата на Република Македонија за намалување на бројот на студентите, како и нискиот студентски стандард.*

## 2. Студенти на втор циклус студии

Во учебната 2013/14 година на Педагошкиот факултет во Скопје на втор циклус студии се запишале вкупно 7 студенти и тоа: 2 студенти на групата Одделенска настава на македонски наставен јазик, 4 студенти на групата Одделенска настава на албански наставен јазик, 1 студент на групата Одделенска настава на турски наставен јазик. Од вкупно 7 запишани кандидати досега магистрирале 2 студенти запишани на втор циклус, односно 28,57%. Во учебната 2014/15 година на втор циклус студии се запишале вкупно 2 студенти и тоа: 1 студент на групата Одделенска настава на македонски наставен јазик и 1 студент на групата Предучилишно воспитание на македонски наставен јазик. На другите групи нема запишани студенти. Во учебната 2015/16 година на Педагошкиот факултет се запишале вкупно 11 студенти и тоа: 2 студенти на групата Одделенска настава на македонски наставен јазик, 4 студенти на групата Одделенска настава на албански наставен јазик и 5 студенти на групата Библиотекарство. На другите групи нема запишани студенти.

**SWOT-анализа**

***S*** *– Добра покриеност на наставно-научните дисциплини на втор циклус студии со наставници со богато искуство во едукативната и во научно-истражувачката дејност.*

***W*** *– Недоволна ангажираност на реномирани наставници од познати странски и домашни универзитети, како и на експерти од практиката. Мал број магистрирани студенти во предвидениот рок за втор циклус студии.*

***O*** *– Можност преку разни проекти и апликации за студиски престој и професионално усовршување на наставниците во познати странски универзитети.*

***Т** – Преголема ангажираност, од една страна, и недоволна застапеност, од друга страна, на одделни наставници во наставно-образовниот процес на постдипломските студии.*

## VII. Просторни и материјални ресурси

Просторните услови за изведување на наставата на Факултетот, во целина, би можеле да се оквалификуваат како оптимални. Кога е во прашање просторот за изведување на наставата во потесна смисла, Факултетот располага со 1 амфитеатар (вкупна корисна површина 304 м$^2$), 16 предавални/вежбални (953 м$^2$), 2 компјутерски училници (106 м$^2$), 3 специјално подготвени лаборатории за музички и визуелни изведби (144,6 м$^2$), 1 просторија за изведување настава од областа на спортот (87 м$^2$), 1 медијатека (51 м$^2$) и 1 театарска сцена (52,5 м$^2$). Како простор со рамноправно значајна позиција за изведување на наставата се сметаат и просторните капацитети на партнерските институции (предучилишни установи и основни училишта за реализирање хоспитации од областа на методиките), но тие од разбирливи причини не можат да се претставaт квантитативно. Релативен недостаток се јавува кај расположливиот простор за наставнички кабинети (16 простории, вкупно 256 м$^2$).

Инсталираната опрема, во целина, е со степен на современост и квалитет, но делумно ги задоволува барањата и потребите што ги наметнува оптималното одвивање на наставните процеси. Факултетот е опремен со 124 компјутерски деск-топ конфигурации, од кои 41 за потребите на наставниците, 19 за административно-техничкиот кадар и 64 за потребите на студентите. Речиси сите компјутери се опремени со приклучок и перманентно поврзување со интернет, но слободен пристап до интернет за студентите не постои. Факултетот располага со 7 ЛЦД-проектори за потребите на наставата, како и одреден број проекциони платна. Од периферната ИТ-опрема, на располагање се 4 скенери и 35 ласерски печатачи.

### SWOT-анализа

***S** – Просторните можности на Факултетот се добри и овозможуваат квалитетно изведување на наставата на сите студиски програми. Факултетската библиотека е богата, со завиден фонд на книги и списанија. Во служба на потребите на студентите функционира и медијатеката која им овозможува непречена интернет-врска.*

***W** – Недоволна поврзаност на Факултетот со соодветни информациски бази со институциите во земјата.*

***O** – Можност преку реализација на научно-истражувачки и апликативни проекти со домашни и странски факултети и универзитети и понатаму да се подобрува нивото на опременост на Факултетот.*

***Т*** *– Недостиг на буџетски и сопствени средства (и релевантна стратегија за развој) за опремување на Факултетот.*

## VIII. Логистика

Врз основа на член 59 од Статутот на Педагошкиот факултет, за вршење на стручните и на стручно-административните работи на Факултетот, е формирана Стручна служба. Со неа раководи секретарот на Факултетот. Стручната служба своите работи и работни задачи ги врши во одделенија и преку библиотеката на Факултетот. Стручната служба ја сочинуваат следниве три одделенија:

- одделение за општи, правни и персонални работи
- одделение за материјално-финансиско работење
- одделение за студентски прашања

Службата за студентски прашања на Факултетот е организирана во посебна просторија. Во неа работат 3 шалтерски работници и еден правник, а со неа раководеше раководител на Службата сѐ до неговото пензионирање кон крајот на 2015 година. Заради подобрување на услугите кон студентите, Службата за втор циклус студии е одвоена во посебна просторија. За сите студенти од прва до четврта година е воведено online пријавување на испитите, во рамките на IKNOW-системот, со цел да се намали чекањето во периодот на пријавување на испитите. За натамошно подобрување на квалитетот на услугите кон студентите, се настојува поголем дел од нужните информации за студентите да се презентираат преку web-страницата на Факултетот и преку IKNOW-системот.

Услугите на Библиотеката во однос на барањата на студентите и издавањето книги е на задоволително ниво. Во однос на анкетирањето на наставниците и соработниците за набавка на нова литература, потребно е тоа да стане вообичаена практика која ќе се реализира најмалку еднаш годишно.

### SWOT-анализа

***S*** *– Оптимални услови за работа и континуирана обука на административниот кадар.*
***W*** *– Недостаток на административен кадар во некои одделенија на Стручната служба.*
***O*** *– Перспективно вмрежување и други облици на интегрирање и содејство меѓу интерните логистички сервиси во рамките на Факултетот, но и во соодветните универзитетски сервиси.*
***Т*** *– Мали финансиски средства за набавка и опремување на Библиотекатата и на другите административни и помошни служби.*

## IX. Надворешна соработка

Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје реализира разни форми на соработка со други факултети и универзитети кои едуцираат наставнички кадар на Балканот и пошироко. Во рамките на својата дејност, Факултетот соработува со Педагошките факултети од Едрене – Република Турција, Стара Загора – Република Бугарија, Учителскиот факултет во Загреб - Република Хрватска и Учителскиот факултет во Елбасан – Република Албанија.

Во рамките на проектот *Интеркултурно образование* беа вклучени повеќе странски предавачи од: Универзитетот во Падова - Италија, Универзитетот во Фиренца - Италија, Универзитетот во Загреб - Хрватска, Независниот универзитет во Барселона - Шпанија и Универзитет „Софија“ во Бреша – Италија:

1. Prof. Michele De Beni – Istituto Universitario Iusve, Venezia
2. Prof. Ljubica Bakic-Tomic – Uciteljski fakultet Sveucilista u Zagrebu
3. Prof. Giuseppe Milan – Facolta di Scienze della Formazione dell Universita di Padova
4. Prof. Domenico Simeone – Facolta di Scienze della Formazione dell Universita di Milano
5. Prof. Robert Roche Oliver – Universita Autonoma de Barselona
6. Prof. Diana Atanasov Piljek – Uciteljski fakultet Sveucilista u Zagrebu

Во нашите студиски програми, меѓународната димензија е имплицирана на следниов начин: студиските програми се преведени на англиски јазик; звањата на дипломираните и на магистрираните студенти се преведени на англиски јазик; наставата е организирана според ЕКТ-системот на студии; постои сродност меѓу нашите студиски програми и програмите од следните универзитети и факултети: Универзитетот во Марибор и Педагошкиот факултет во Љубљана – Словенија, Југозападниот универзитет „Неофит Рилски“ во Благоевград - Бугарија.

### SWOT-анализа

***S*** *– Педагошкиот факултет е отворена институција која во рамките на својата мисија реализира богата и интензивна соработка со бројни институции како во земјата, така и во странство.*

***W*** *– Сè уште е недоволна размената на студенти со странски универзитети врз основа на заемно признавање на испитите, како и соработка со странски институции во областа на научно-истражувачката дејност.*

***O*** *– Нови можности за соработка со реномирани странски универзитети, развивање на можностите за мобилност на студентите и наставниот кадар, што е шанса за натамошна афирмација на Факултетот.*

***Т*** *– Проблеми од финансиска природа за реализирање на размената на наставници со странски универзитети и за подолготрајни студиски престои надвор од нашата земја.*

## X. Научно-истражувачка дејност

Од почетокот на основањето на Факултетот, а посебно во последните години, на меѓународната научна соработка ѝ се дава големо значење. Нашиот Факултет соработува со сите педагошки и наставнички факултети во нашата земја. Исто така, има соработка со учителските, односно педагошките факултети во Бугарија, Србија, Црна Гора, Албанија, Хрватска, Италија и Турција.

Во врска со научно-истражувачката работа, Факултетот секоја година издава научно списание *Педагошка ревија и Годишен зборник на научни трудови*. Од вкупно 10 меѓународни научни собири, во последните 5 години се организирани следниве:

1. *International Balkan Congress of Education and Science,* 2012 г., Опатија, Република Хрватска (коорганизатор со Учителскиот факултет во Загреб, Република Хрватска);
2. *International Conference - Inovatons, Challenges and Tendencies in the Post Modern Education* -, 12-13. 9.2013 г., Stara Zagora, Bulgaria, (коорганизатор со Учителскиот факултет во Загреб, Р Хрватска);
3. *9$^{th}$ International Balkan Congress of Education and Science 16-8 october, Edirne*, 2014 г. (коорганизатор со Факултетот за образовни науки во Едрене, Република Турција);
4. *10$^{th}$ International Balkan Congress for Education and Science*: Globalization and Education во Охрид, 17-19 септември 2015 г. (во улога на непосреден организатор и домаќин).

Наши наставници и соработници редовно учествуваат со свои реферати на научни собири и конференции кои се одржуваат во земјата и надвор од неа.

Во последните пет години вкупниот број факултетски публикации изнесува 25 и се однесува на: списанието Педагошка ревија, книги на апстракти, зборници, монографии и учебници.

Во последните 5 години се пријавени 21 научно-истражувачки и апликативен проект, за кои е даден следниот преглед:

1. **НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЕКТИ**:
   - интерни **11 научно-истражувачки** проекти - финансирани од ПФСКО,
   - на ниво на УКИМ, **4 научно-истражувачки** проекти - финансирани од УКИМ.

2. **АПЛИКАТИВНИ ПРОЕКТИ**:
   - МЕЃУНАРОДНИ – **2 апликативни** проекти,
   - Во соработка со НЕВЛАДИН СЕКТОР - **4 апликативни** проекти.

**ИНТЕРНИ** научно-истражувачки проекти финансирани од ПФСКО по конкурси, почнувајќи од 2013/14 година:

1. Проф. д-р Розалина Попова Коскарова: Предности и слабости на одделенската настава во концептот на деветгодишното основно образование.
2. Проф. д-р Благица Петковска: Квалитетна функционална писменост во одделенската настава.
3. Проф. д-р Сузана Никодиновска-Банчотовска: Востановување на стандарди за квалитетна настава.
4. Проф. д-р Татјана Котева- Мојсовска: Можностите на училиштето за промоција на семеен едукативен и ресурсен центар.
5. Проф. д-р Билјана Камчевска: Примена на интегриран образовен модел во изучувањето на наставните содржини по запознавање на околината и математиката.
6. Проф. д-р Светлана Камџијаш: Образование во духот на човечките вредности за најмладите. (недовршен)
7. Проф. д-р Мариета Петрова: Формирање слика за себе и себеконструирање во заедницата кај децата од предучилишна возраст.
8. Проф. д-р Марјан Малцев: Релации на стандардите за оценувањето во наставата по физичко и здравствено образование, ликовно образование и музичко образование во основните училишта во Република Македонија.
9. Доц. д-р Методи Главче: Разработка на методскиот пристап на текстуални задачи во почетната настава по математика.
10. Доц. д-р Љуљзим Муртезани: Персоналните особини и мотивот за постигнување како значајни предиктори на академските достигнувања на студентите од педагошките факултети.
11. Доц. д-р Сузана Котовчевска: Состојбата во училишните библиотеки на Град Скопје и нивно влијание врз воспитно-образовниот процес.

**На ниво на УКИМ** – научно-истражувачки проекти финансирани од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје

1. **Социоекономскиот статус на студентите на Педагошкиот факултет и мотивот за изборот на наставничката професија**, научно-истражувачки проект финансиран од УКИМ, 2012/13 година, раководител на проектот проф. д-р Розалина Попова Коскарова.
2. **Уверувањата на идните учители и воспитувачи за природата на знаењата, учењето и поучувањето мајчин јазик и математика**, научно-истражувачки проект финансиран од УКИМ, 2013/14 година, со истражувачки тим од 17 истражувачи, од кои 16 наставници и 1 асистент, раководител на проектот проф. д-р Слаѓана Јакимовиќ.
3. **Интеркултуралните комуникациски компетенции на воспитувачите и развојот на интеркултуралноста во предучилишното образование**, научно-истражувачки проект финансиран од УКИМ, 2014/15 година, раководител на проектот проф. д-р Флорина Шеху.
4. **Пример за извонредност во креирањето на дидактички игри со холистички пристап во предучилишното воспитание и образование**, научно-истражувачки проект финансиран од УКИМ, 2015/16 година, раководител на проектот проф. д-р Марјан Малцев.

**МЕЃУНАРОДНИ апликативни проекти**

1. *Меѓународен проект за стручно усовршување на воспитувачите, на тема „Интеркултурно воспитание“* 2011-2014 г., кој го организира и реализира Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, во партнерство со Istituto Universitario Iusve, Venezia, од Р Италија, Uciteljski fakultet Sveucilista u Zagrebu, од Р Хрватска, Facolta di Scienze della Formazione dell Universita di Padova, од Р Италија, Facolta di Scienze della Formazione dell Universita di Milano од Р Италија, Universita Autonoma de Barselona, од Кралството Шпанија, Uciteljski fakultet Sveucilista u Zagrebu, од Р Хрватска, детската градинка „Зрака сунца“, Крижевци, Р Хрватска, Здружение Сонце, од Р Македонија. Карактеристично за овој проект е што се одржаа повеќе работилници со стручни лица од десет градинки во Скопје, каде што предавачи беа професори од сите универзитети – соорганизатори на проектот.
2. Проект на Еразмус +, со наслов Not-for-profit Europian sport event, 2016 година.

**АПЛИКАТИВНИ проекти во соработка со невладиниот сектор**

1. Проект за поддршка преку мотивирање, унапредување и следење на училишниот успех на деца од **СОС Детското село-Македонија**, за што е потпишан и меморандум во 2014 година. Во проектот се вклучени и студенти од Факултетот.
2. Проект **За подобро познавање за мултиетничко образование на идните наставници**, во соработка со другите факултети во РМ кои едуцираат наставници, воспитувачи и педагози, како и со невладини организации, а со поддршка од ОБСЕ. Во проектот се вклучени и студенти од Факултетот.
3. Проект ***Наставна практика во невладин сектор***. Имено, нашиот Факултет, како и досега, ќе ангажира студенти за реализација на практична настава во невладината организација НГО СУМНАЛ. Ова е значајно за подобрување на условите за реализација на наставната практика на нашите студенти и за развивање соработка со други образовни институции, а особено со другите наставнички факултети.
4. ***Со читање до лидерство*** – проект во соработка со Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“, а во рамките на потпишаниот меморандум за вклучување на Факултетот во проектот на УСАИД. Проектот е **поддржан од Министерството за образование и наука на Р Македонија** и во него се вклучени професори од Педагошкиот факултет: за креирање на тестовите за спроведување на ЕГРА и ЕГМА и за ментори на училишта и обучувачи на обуки за студенти и наставници од одделенска настава.

Во периодот на кој се однесува самоевалуацијата, наставно-соработничкиот кадар учествувал на вкупно 191 меѓународна и домашна конференција, симпозиум и семинар.

**SWOT-анализа**

***S*** *– Теоретско-експериментална подготвеност и практика за конципирање и реализација на научни проекти, воспоставени институционални и*

*индивидуални релации со други сродни научно-истражувачки институции и тимови за размена на искуства и практики.*
***W*** *– Ограниченост во пристапните меѓународни финансиски фондови за заеднички настап во меѓународни научно-истражувачки проекти, како и во базите на научни списанија со фактор на влијание.*
***O*** *– Можности за ангажирање на наставно-научниот кадар во реализација на научно-истражувачки проекти и примена на резултатите од нив во воспитно-образовната практика.*
***T*** *– Несоодветно вреднување на научно-истражувачката работа и недостаток на средства за фундаментално развојни научно-истражувачки проекти.*

## XI. Финансирање

Педагошкиот факултетот „Св. Климент Охридски“ во Скопје својата дејност ја финансира од буџетски средства од буџетот на РМ, од партиципација на трошоците за студирање од страна на студентите, од кофинансирање на трошоците за студирање од страна на студентите, преку приходи од давање образовни услуги и други извори. Буџетските приходи и трошоците за работењето на Факуктетот за 2014, 2015 и 2016 година се дадени во табела 1 и табела 2, преземени од Одделнието за материјално-финансиско работење:

Табела 1
Трошоци на работењето на Факултетот

| Год. | Буџет средства | Расходи сопствена | Вкуп. расход | Втор цик. ст Трошок | 752939 | Чист расход | Бр. на студенти | Цена на чинење по студент | Удел на буџет. средства | 723012-012 Партиц.од студенти | Удел на студ.партиц во студ. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2014 | 29899110 | 27493936 | 57393046 | 935872 | 1049150 | 55408024 | 850 | 65186 | 53.96% | 21861975 | 39.46% |
| 2015 | 30510759 | 27893926 | 58404685 | 551126 | 964269 | 56889290 | 940 | 60521 | 53.63% | 19889667 | 34.96% |
| 2016 | 31497760 | 25664054 | 57161814 | 713442 | 938780 | 55509592 | 990 | 56070 | 56.74% | 17431544 | 31.40% |

Табела 2
Приходи од работењето на Факултетот

| **Год.** | **Буџет средства** | **Сопствена** | **Вкупно** | **Удел на буџет.** | **Прен. вишок** | **Чисти Сопсте.** | **Вкупно чисти без прен.виш** | **Удел на буџет.** | **723029 Втор циклус студии** | **752939** | **Сопствени** | **Чисти** | **Удел на буџ.** | **723012-012 Патиција.** | **Удел на парти.во вкуп.прих** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2014 | 29899110 | 43884512 | 73783622 | 40,52% | 15055863 | 28828649 | 58727759 | 50,91% | 831055 | 1049150 | 26948444 | 56847554 | 52,60% | 21861975 | 38,46% |
| 2015 | 30510759 | 43053764 | 73564523 | 41,47% | 15623836 | 27429928 | 57940687 | 52,66% | 669555 | 964269 | 25796104 | 56306863 | 54,19% | 19889667 | 35,32% |

| | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2016 | 31497760 | 38738157 | 70235917 | 44,85% | 15035442 | 23702715 | 55200475 | 57,06% | 776254 | 938780 | 21987681 | 53485441 | 58,89% | 17431544 | 32,59% |

**SWOT-анализа**

***S*** *– И во услови на релативно стеснети финансиски услови на работење, Факултетот, во основа, се финансира од два независни извора (буџетски и сопствени) што само по себе го зголемува нивото на сигурност и стабилност на финансиските текови.*

***W*** *– Буџетските приходи континуирано се намалуваат, а дел од комуналните трошоци паѓаат на товар на сопствените приходи на Факултетот.*

***О*** *– Факултетот има можности и перспективи и понатаму да ги зголемува сопствените средства преку ширење на својата дејност како правен субјект.*

***Т*** *– Неповолната економска состојба во земјата и политиката на ресорното министерство ограничувачки влијае врз можностите за обезбедување на значително повеќе сопствени средства за финансирање на дејноста на Факултетот.*

## XII. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје во изминатите 21 година постоење и функционирање, остварувајќи ја својата основна мисија да продуцира високостручни кадри со продлабочени теоретски и практични знаења од областа на образованието, израсна во значаен сегмент на националното високо образование во рамките на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Организацијата на наставата на Факултетот претставува уште еден чекор поблизу во модернизирањето на наставните програми според европските и светските критериуми. Наставниот план е усогласен со најновите барања на Законот за високото образование, кој бараше определување на соодносот меѓу задолжителните и изборните предмети (60% задолжителни предмети, 30% изборни предмети и 10% од УКИМ-листата). Студиските програми обезбедуваат солидни теоретски и практични знаења од областите на предучилишното воспитание, основното образование и библиотекарството. Студентите се стекнуваат со солиден фонд знаења од областа на сите научни дисциплини и се оспособуваат за примена на современи наставни стратегии што кореспондираат со современите научни сознанија.

Специфика на Факултетот е реализацијата на практичната настава преку предметот Педагошка практика, со Педагошкиот стаж и со други наставни

предмети. Специфична е и воспоставената практика за реализирање скратена настава со вонредните студенти и со студентите од проектот 30/35 за секој семестар одделно.

Се применуваат современи модели на реализација на наставата, во современи услови и со делумна примена на современа наставна технологија. Доминантна форма на проверка на знаењата се колоквиумите што претпоставува перманентна верификација на знаењата во текот на студирањето и мотивирачко влијание врз студентите.

Просторните услови, опремата, логистиката и другите поволности ги задоволуваат неопходните стандарди за реализирање на високообразовната и научно-истражувачката дејност на оваа институција. Факултетот располага со компетентен наставно-научен кадар за покривање на наставните обврски на дисциплините застапени на прв и втор циклус студии.

Педагошкиот факултет е отворена институција која во рамките на својата мисија реализира богата и интензивна соработка со бројни институции како во земјата, така и во странство. Но мора да се потенцира недоволното присуство на Факултетот како рамноправен субјект во креирањето на образовните политики на национално ниво и во согласност со тоа создавање на соодветна стратегија за негово активно учество во сите реформски процеси во образованието и културата.

Во наредниот период е неопходно да се продолжи со практиката на перманентно обновување на наставните програми и содржини на сите наставно-научни дисциплини за да се одржи чекорот со најновите промени и научни достигнувања во областа на образованието, науката и културата. Потребно е да се развијат атрактивни програми за континуирано напредување на вработените во сферата на образованието преку организирање курсеви, обуки и семинари. Исто така, е неопходно Факултетот, во соработка со другите членки на Универзитетот, посебно во рамките на Советот за развој и финансирање на високото образование, да го актуализира на универзитетско ниво прашањето за реалното чинење на студентот и целосното покривање на трошоците на факултетите, кои по дефиниција претставуваат обврска на државниот буџет, за да се согледааат и да се утврдат елементите кои ја чинат структурата на реалната цена на чинење на еден студент.

## ПРЕПОРАКИ

Врз основа на овој Извештај и изведените SWOT-анализи презентирани во него, Комисијата за самоевалуација на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје ги наведува следниве препораки:

- Поради преангажираноста на наставниот кадар на нашиот Факултет, како и поради пензионирање на дел од кадарот, како неопходност се јавува потребата од вработување наставен и соработнички кадар.

- Во согласност со современите текови во образованието кај нас и во светот, потребно е отворање нови студиски програми кои ќе ги задоволуваат потребите на различни институции кои се занимаваат со прашања од областа на образованието и културата.
- Уште поголема примена на активната и интерактивната настава во реализацијата на содржините од наставните програми во прв и во втор циклус студии.
- Проширување на соработката на Факултетот со поголем број странски и реномирани универзитети од регионот и пошироко и вклучување на странски професори во наставниот процес и на двата циклуси.
- Да се овозможи нашите студенти да го реализираат педагошкиот стаж во соодветни институции надвор од земјата, како и зголемување на мобилноста на студентите и наставниот кадар.
- Да се анализираат причините и да се изготви стратегија за остварување поголема застапеност на Факултетот на сите нивоа во креирањето на образовната и културната политика на нашето општество.
- Воведување стандарди за задолжителни елементи на студиските програми по одделенска настава и предучилишно воспитание како регулирани професии.
- Стратегии за подобрување на условите за студирање и на функционирањето на административните и на помошните служби.

## XIII. НАЧИН НА КОЈ Е ОСТВАРЕНА ДИСКУСИЈАТА ПО ИЗВЕШТАЈОТ

Комисијата за самоевалуација по реализираната дискусија, на посебен состанок го усвои овој Извештај со констатација дека тој реално ги одразува состојбите на Факултетот. По електронски пат Извештајот е доставен до сите наставници и соработници на Факултетот, до раководителите на стручните служби и до Студентскиот парламент. Во согласност со најновите измени на Законот за високото образование, овој Извештај на Комисијата за самоевалуација, по неговото усвојување од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот и од надлежните органи на Универзитетот, ќе биде објавен на web-страниците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје.

Поради тоа Комисијата за самоевалуација му предлага на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје да го прифати овој Извештај којшто се однесува на учебната 2015/16 година и да го достави за натамошно процесуирање.

Скопје, 30.1.2017 год.

Комисија за самоевалуација:

1. доц. д-р Методи Главче

__________________________

2. проф. д-р Весна Макашевска

__________________________

3. проф. д-р Теута Шабани

__________________________

4. проф. д-р Елизабета Ралповска

__________________________

5. проф. д-р Зоран Михајловски

__________________________

# ПРИЛОЗИ

# Анализа на анкетен прашалник за студенти

# (САМОЕВАЛУАЦИЈА, ЛЕТЕН семестар 2013/14)

Анкетниот прашалник им е зададен на студентите во термини за време на часовите одржани во текот на месец декември 2014. *Во анкетата учествуваа вкупно 308 студенти, од сите три јазични групи (македонски, албански и турски јазик).* Дадените одговори се однесуваат на работата на наставниците кај кои испитаните студенти следеле настава и полагале испити во текот на летниот семестар од учебната 2013/2014 година. По таа основа, собрани се податоци за вкупно *34 постојани наставници и соработници на Педагошкиот факултет. Податоците се распоредени по наставни предмети (во опсег меѓу еден и пет по наставник), во вкупно 84 предмети во збирната матрица.* Истите се обработени во соодветен статистички пакет (SPSS 17.0) и анализирани од страна на Комисијата, врз основа на што се констатирани следниве состојби:



Резултатите се мошне блиски со оние од претходната анализа (зимски семестар 2013/14). *Студентите се мошне задоволни (просечна оценка 9,10 - за споредба, просекот за претходниот зимски семестар 2013/14 изнесува 9,12) со стручните квалитети и поширокиот однос од страна на наставниот кадар*. По парцијални параметри, просечните оценки по различните критериуми се мошне изедначени. Со највисока оценка се повторно е пондериран критериумот на редовноста и рационалното користење на времето (9,33). Мошне високо се оценети подготвеноста за предавања и вежби (9,26), обезбеденоста со материјали за учење (9,24), односот кон студентите (9,19) и квалитетот на наставата (9,19). На спротивниот крај, со само малку пониска просечна оценка, е објективноста во оценувањето и начинот на организирање на испитите (8,99). Овде не го сметаме критериумот на тежината на барањата кон студентите и на самиот испит (8,44), бидејќи износот на истиот сам по себе не е вредносна категорија (подобро-полошо), за разлика од другите прашања.

Во прилог, следат ранг-листите на 34-те наставници, на секој од 10-те испитани критериуми:

1) Виолета Мартиновска (9,81)

2) Маја Рауник Кирков (9,74)

3) Елизабета Ралповска (9,73)

4) Бујар Саити (9,63)

5) Мито Спасевски (9,61)

6) Слаѓана Јакимовиќ (9,60)

7) Јасмина Арменска (9,57)

7) Сузана Котовчевска (9,57)

9) Теута Шабани (9,54)

9) Лулзим Адеми (9,54)

11) Весна Макашевска (9,53)

12) Благица Петковска (9,48)

13) Владо Тимовски (9,45)

14) Методи Главче (9,41)

14) Владимир Талевски (9,41)

16) Емил Сулејмани (9,33)

17) Билјана Камчевска (9,23)

18) Флорина Шеху (9,16)

19) Мирослава Николоска (9,15)

20) Лулзим Алиу (9,12)

21) Сузана Н. Банчотовска (9,00)

22) Билјана Глигорова (8,99)

22) Бурхан Ахмети (8,99)

24) Розалина П. Коскарова (8,94)

25) Леонора Јегени (8,90)

26) Татјана К. Мојсовска (8,84)

27) Светлана Камџијаш (8,76)

28) Мариета Петрова (8,69)

29) Вехби Кадриу (8,48)

30) Мујесер Ильази (8,45)

31) Билјана Маленко (8,43)

32) Марјан Малцев (8,08)

33) Лулзим Муртезани (7,95)

34) Ѓулумсере Касапи (7,85)

Пресметана е МНОГУ ВИСОКА ПОЗИТИВНА КОРЕЛАЦИЈА (Спирманова ранг-корелација, Spearman rho, r=0,712, p<0,000) меѓу ранг-листите од зимскиот и летниот семестар за учебната 2013/14 година. *Тоа значи дека студентите оформиле релативно стабилна перцепција на квалитетите на своите професори, со тенденција истата повеќе или помалку да се повторува во секое наредно анкетирање.*

## Анализа на анкетен прашалник за студенти (САМОЕВАЛУАЦИЈА 2013/14, ЗИМСКИ семестар)

Анкетниот прашалник им е зададен на студентите во термини за време на часовите одржани во текот на првите две седмици на април 2014. *Во анкетата учествуваа вкупно 313 студенти, од сите три јазични групи*. Дадените одговори се однесуваат на работата на наставниците кај кои испитаните студенти следеле настава и полагале испити во текот на зимскиот семестар од учебната 2013/2014 година. По таа основа, собрани се податоци за вкупно *39 постојани наставници и соработници на Педагошкиот факултет. Податоците се распоредени по наставни предмети (во опсег меѓу еден и пет по наставник), во вкупно 103 предмети во збирната матрица*. Истите се обработени во соодветен статистички пакет (SPSS 17.0) и анализирани од страна на Комисијата, врз основа на што се констатирани следниве состојби:




Во целина, *студентите се мошне задоволни (просечна оценка 9,12) со стручните квалитети и поширокиот однос од страна на наставниот кадар*. По парцијални параметри, просечните оценки по различните критериуми се мошне изедначени. Со највисока оценка се пондерирани критериумите на редовноста и рационалното користење на времето (9,37), подготвеноста за предавања и вежби (9,28), односот кон студентите (9,20) и квалитетот на наставата (9,20). На спротивниот крај, со само малку пониска просечна оценка, е објективноста во оценувањето и начинот на организирање на испитите (9,07). Овде не го сметаме критериумот на тежината на барањата кон студентите и на самиот испит (8,44), бидејќи износот на истиот сам по себе не е вредносна категорија (подобро-полошо), за разлика од другите прашања.

Во прилог, следат ранг-листите на 39-те наставници, на секој од 10-те испитани критериуми:

1) Аида Ислам (10,00)

2) Виолета Мартиновска (9,74)

3) Владимир Талевски (9,72)

4) Маја Рауник Кирков (9,65)

5) Флорина Шеху (9,64)

6) Елизабета Ралповска (9,63)

7) Емил Сулејмани (9,62)

8) Сузана Котовчевска (9,61)

8) Благица Петковска (9,61)

10) Билјана Камчевска (9,52)

11) Лулзим Адеми (9,44)

12) Весна Макашевска (9,41)

13) Слаѓана Јакимовиќ (9,32)

14) Теута Шабани (9,30)

14) Аднан Ќахил (9,30)

16) Методи Главче (9,29)

17) Мариета Петрова (9,26)

18) Бујар Саити (9,25)

19) Божна Гаговска (9,17)

20) Владо Тимовски (9,15)

21) Бурхан Ахмети (9,12)

22) Зоран Михајловски (9,10)

23) Леонора Јегени (9,05)

24) Јасмина Арменска (9,04)

25) Лулзим Алиу (8,99)

26) Светлана Камџијаш (8,87)

27) Розалина П. Коскарова (8,82)

28) Мито Спасевски (8,73)

29) Сузана Н. Банчотовска (8,71)

29) Јета Старова (8,71)

31) Билјана Маленко (8,66)

32) Мујесер Ильази (8,65)

33) Ѓулумсере Касапи (8,60)

34) Татјана К. Мојсовска (8,50)

35) Вехби Кадриу (8,42)

36) Мирослава Николоска (8,39)

37) Лулзим Муртезани (8,36)

38) Билјана Глигорова (8,17)

38) Марјан Малцев (8,17)

## Анализа на анкетен прашалник за студенти

## (САМОЕВАЛУАЦИЈА 2014/15, ЛЕТЕН семестар)

Анкетниот прашалник им е зададен на студентите во термини за време на часовите одржани во текот на последните две седмици на месец ноември 2015. *Во анкетата учествуваа вкупно 266 студенти, од сите три јазични групи.* Дадените одговори се однесуваат на работата на наставниците кај кои испитаните студенти следеле настава и полагале испити во текот на летниот семестар од учебната 2014/2015 година. По таа основа, собрани се податоци за вкупно *38 постојани наставници и соработници на Педагошкиот факултет. Податоците се распоредени по наставни предмети (во опсег меѓу еден и четири по наставник), во вкупно 95 предмети во збирната матрица.* Истите се обработени во соодветен статистички пакет (SPSS 17.0) и анализирани од страна на Комисијата, врз основа на што се констатирани следниве состојби:




Во целина, *студентите се мошне задоволни (просечна оценка 9,18) со стручните квалитети и поширокиот однос од страна на наставниот кадар*. Заслужува внимание *евидентираниот пораст на просечната оценка (9,18) во споредба со претходниот летен семестар, од учебната 2013/14 година (9,07)*. По парцијални параметри, просечните оценки по различните критериуми се прилично изедначени. Со највисока оценка во овој семестар се пондерирани критериумите на редовноста и рационалното користење на времето (9,43) и подготвеноста за предавања и вежби (9,39). Повисоко од другите е вреднувана и обезбеденоста со материјали за учење и подготвување на испитите (9,33). На спротивниот крај, со само малку пониска просечна оценка, е објективноста во оценувањето и начинот на организирање на испитите (9,11). Релативно пониска просечна оценка има и корисноста од вежбите (9,15). Овде не го сметаме критериумот на тежината на барањата кон студентите и на самиот испит (8,38), бидејќи износот на истиот сам по себе не е вредносна категорија (подобро-полошо), за разлика од другите прашања.

Во прилог, следат ранг-листа на 38-те наставници, според просечната оценка од сите предмети:

1) Аида Ислам (9,77)

2) Сузана Котовчевска (9,75)

3) Маја Рауник Кирков (9,70)

4) Елизабета Ралповска (9,67)

5) Виолета Мартиновска (9,63)

6) Бујар Саити (9,58)

7) Теута Шабани (9,56)

8) Весна Макашевска (9,55)

9) Флорина Шеху (9,52)

10) Бурхан Ахмети (9,50)

11) Методи Главче (9,48)

12) Слаѓана Јакимовиќ (9,47)

13) Јасмина Арменска (9,43)

14) Емил Сулејмани (9,43)

15) Владо Тимовски (9,42)

16) Благица Петковска (9,37)

17) Аднан Ќахил (9,31)

18) Светлана Камџијаш (9,28)

19) Билјана Камчевска (9,25)

20) Билјана Маленко (9,24)

21) Владимир Талевски (9,24)

22) Билјана Глигорова (9,17)

23) Лулзим Адеми (9,08)

24) Мирослава Николоска (9,03)

25) Мито Спасевски (9,02)

26) Леонора Јегени (8,99)

27) Зоран Михајловски (8,99)

28) Јета Старова (8,91)

29) Лулзим Муртезани (8,89)

30) Сузана Н. Банчотовска (8,84)

31) Розалина П. Коскарова (8,83)

32) Вехби Кадриу (8,79)

33) Ѓулумсере Касапи (8,76)

34) Лулзим Алиу (8,76)

35) Татјана К. Мојсовска (8,71)

36) Мариета Петрова (8,10)

37) Марјан Малцев (8,10)

38) Мујесер Иљази (7,94)

# Анализа на анкетен прашалник за студенти (САМОЕВАЛУАЦИЈА 2014/15, ЗИМСКИ семестар)

Анкетниот прашалник им е зададен на студентите во термини за време на часовите одржани во текот на последните две седмици на месец мај 2015. *Во анкетата учествуваа вкупно 289 студенти, од сите три јазични групи.* Дадените одговори се однесуваат на работата на наставниците кај кои испитаните студенти следеле настава и полагале испити во текот на зимскиот семестар од учебната 2014/2015 година. По таа основа, собрани се податоци за вкупно *38 постојани наставници и соработници на Педагошкиот факултет. Податоците се распоредени по наставни предмети (во опсег меѓу еден и четири по наставник), во вкупно 91 предмет во збирната*

*матрица*. Истите се обработени во соодветен статистички пакет (SPSS 17.0) и анализирани од страна на Комисијата, врз основа на што се констатирани следниве состојби:




Во целина, *студентите се и понатаму мошне задоволни (просечна оценка 9,07) со стручните квалитети и поширокиот однос од страна на наставниот кадар*. По парцијални параметри, просечните оценки по различните критериуми се мошне изедначени. Со највисока оценка и во овој семестар се пондерирани критериумите на подготвеноста за предавања и вежби (9,29) и редовноста и рационалното користење на времето (9,28). Повисоко од другите е вреднувана и обезбеденоста со материјали за учење и подтотвување на испитите (9,23). На спротивниот крај, со само малку пониска просечна оценка, е објективноста во оценувањето и начинот на организирање на испитите (8,90). Релативно пониски просечни оценки имаат и достапноста за комуникација на наставниците (9,06) и корисноста од вежбите (9,06). Овде не го сметаме критериумот на тежината на барањата кон студентите и на самиот

испит (8,50), бидејќи износот на истиот сам по себе не е вредносна категорија (подобро-полошо), за разлика од другите прашања.

Во прилог, следат ранг-листите на 39-те наставници, на секој од 10-те испитани критериуми:

1) Аида Ислам (9,93)

2) Билјана Камчевска (9,75)

3) Весна Макашевска (9,73)

4) Билјана Маленко (9,69)

5) Елизабета Ралповска (9,68)

6) Маја Рауник Кирков (9,67)

7) Сузана Котовчевска (9,66)

8) Виолета Мартиновска (9,64)

9) Бурхан Ахмети (9,58)

10) Мито Спасевски (9,53)

11) Флорина Шеху (9,52)

12) Емил Сулејмани (9,50)

13) Слаѓана Јакимовиќ (9,49)

14) Владо Тимовски (9,44)

15) Аднан Ќахил (9,42)

16) Методи Главче (9,37)

17) Јасмина Арменска (9,33)

18) Теута Шабани (9,30)

19) Зоран Михајловски (9,28)

20) Благица Петковска (9,19)

21) Лулзим Алиу (9,11)

22) Бујар Саити (9,10)

23) Вехби Кадриу (9,08)

24) Лулзим Адеми (9,03)

25) Јета Старова (9,01)

26) Мариета Петрова (8,80)

27) Светлана Камџијаш (8,76)

28) Леонора Јегени (8,68)

29) Татјана К. Мојсовска (8,58)

30) Сузана Н. Банчотовска (8,41)

31) Марјан Малцев (8,38)

32) Лулзим Муртезани (8,34)

33) Розалина П. Коскарова (8,26)

34) Владимир Талевски (8,17)

35) Ѓулумсере Касапи (8,10)

36) Мирослава Николоска (7,89)

37) Мујесер Ињази (7,88)

38) Билјана Глигорова (7,51)